УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА

ДОКТОРСКИ ТРУД

# РИМСКО ПРОВИНЦИСКО МОНЕТОКОВАЊЕ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

МЕНТОР

Доц.д-р. Антонио Јакимовски

КАНДИДАТ

м-р Гордана Јанева

Скопје 2017

Содржина

Вовед…………………………………………………………………………1-3

I.Античка географија и историја
1.Историско-географски осврт……………………………………………4-8
2.Административна припадност……………………………………… 9-15
II.Циркулација на пари продуцирани од Римската провинција Македонија
1.Нумизматичка циркулација врз основа на монетарници……………16-19
2. Нумизматичка циркулација според години на емитување…………20-23
3.Типологија……………………………………………………………… 24-27
III. Циркулација на пари продуцирани од монетарницата Виминациум од Римската провинција Горна Мезија……………………………………28-37
1.Типологија……………………………………………………………… 38-40
IV. Циркулација на пари продуцирани од Римската провинција Тракија
1. Нумизматичка циркулација врз основа на монетарници…………… 41-44
2. Нумизматичка циркулација според години на емитување………… 45-47
3.Типологија……………………………………………………………… 48-49
V.Номинали……………………………………………………………… 50-52
VI.Метрологија…………………………………………………………… 53-54
VII.Анализа и интерпретација…………………………………………… 55-69
1.Анализа според географска и археолошка припадност…………… 70-91
Заклучок………………………………………………………………… 92-95
Каталог…………………………………………………………………… 96-144
Библиографија…………………………………………………………… 145-150

**Вовед**

Во рамки на испитување на Римското провинциско монетоковање, односно застапеноста и циркулацијата на овој тип на емисии, кој истовремено учествуваат во монетниот оптек заедно со регуларните империјални изданија на просторот на денешна Источна Македонија, во периодот од прва половина на 1. до средина на 3.век, степенот на истраженост покажува една слика која се заснова на податоци, кој се однесуваат само на местото на нивното наоѓање и археолошкиот контекст. Поаѓајки од фактот дека, како предмет на истражување, оваа тема не е обработувана на овој начин, со досега на непостоење на никави сознанија на монетниот оптек на провинциските изданија на ова подрачје, ова претставува прв ваков обид, каде од наведениот аспект ќе биде опфатен овој дел од територијата на Р.Македонија. Преку, темелно истражување на постоечките и нови податоци, компаративни анализи со нумизматички и археолошки факти, се доаѓа до сознанија и основен увид во продукцијата и застапеноста на монетните емисии од локалните монетарници на Римските провинции, во чиј административен состав се наоѓала и територијата на денешна Источна Македонија, во период полн со историски збиднувања, политичка и економска криза во Империјата. Како предмет на истражување, кој ја допира оваа временска рамка, античките изворни податоци, повеќе се однесуваат на античката историја и географија. За почетокот на Царството, пишуваат Тит Ливиј (59г.пр.н.е.-17г.), Страбон (65г.пр.н.е.-25г.), а како еден од главните извори за топографските податоци за провинциите и изучување на градовите се делата на Плиниј и Птоломеј. Плиниј пишува за време на династијата на Флавиевците, користејки податоци за попис на провинциите составен во време на Октавијан Август, додека за положбата на населбите во истите ( но не нивниот административен статус), корисни се податоците кој ги дава Птоломеј во својата Географија. За појаснување на административните граници значаен извор претставува античката патна мрежа, содржана во итинерариите, податоци корисни за локализирање на поедини населби, врз основа на сознанијата како се движел римскиот пат. Од нив (Itinerarium Antonini Augusti, Itinerarium Hierosolymitanum, Itinerarium Burdigalense), Itinerarium Antonini, потекнува од времето на Каракала. За политичкиот и административниот развој на римските провинции во време на Принципатот, се податоците кој ги дава Mommsen, со посебен акцент на историските случувања во

Империјата. Како предмет на истражување, најблиску, и поврзани со оваа територија и проблематика се истовремените (1.до3.век), заклучоци, прикази и податоци, од ова и од соседните региони, Србија, Бугарија, Грција, третирана од повеќе аспекти. Познати се повеќе тези кој се однесуваат и се поврзани со оваа проблематика од повеќе аспекти, како што е епиграфската документираност, особено податоците од епиграфските споменици изнесени од Вулић, Керамитчиев, Јосифовска, Соколовска, за утврдување на културните влијанија и граници, кој понекогаш се подудараат со административните. Понатаму, истражувањата каде се допира аспектотот на провинциската страна, односно проблемот на адмистративно - географската припадност (Папазоглу, Микулчиќ). Од нумизматички аспект, а во рамки на провинциите кој во одредени подрачја делат исти административни граници со подрачјето што е предмет на истражување, прегледот на нумизматички сознанија кој се однесуват на оваа проблематика, се состои од повеќе изнесени мислења и согледувања, како темелните испитувања од страна на Борић - Брешковић, Душанић, Јурукова, Паунов, Прокопов, Туразоглу, Мирник, но и изнесени информации и тези кој како предмет на истражување, даваат индиции и допринос за поставување на основа која ја открива поврзаноста на оваа територија со подрачјата каде циркулира ист тип на римско провинциско монетоковање. Врз основа на општиот интезитет и движење на монетниот оптек, гледан во пошироки рамки и третиран од различни аспекти, се добива едно видување и објективна слика, но и одговор на прашањата, каде постоечката меѓусебна врска на провицискoто монетоковање и одразот на историските случувања, монетарната политика, и секако административната припадност дават една објективна слика на степенот на монетизација и интензитетот на циркулација, во рамки на ова, но истовремено и најблиска аналогија со соседните регии, кој делат исти административни рамки.

-*Општи топографски карактеристики*

Географската рамка на територијата на денешна Источна Македонија, опфаќа три микрорегии, Брегалничкиот, Струмичкиот и Кумановскиот регион. Областа во сливот на Брегалница, се издолжува главно од Вардар на запад , до бугарскаата граница на исток. Најголема котлина е Овче Поле, која преку Брегалничката долина е сврзана со Кочанската Котлина. Овче Поле како отворена рамнина има погодни комуникациски врски со северозападниот и југоисточниот дел на Р.Македонија. Во горниот тек на

Брегалница е централниот дел на планинската област Малешево (при самиот извор на Брегалница), мала географска целина отворена од северна страна кон Пијанец, Струмичко на југ, Радовишко на запад и Кочанско на северозапад. Напуштајки ја долината на Пијанец, Брегалница се пробива пред излезот на Кочанско Поле, каде минува со својот среден тек, оставајки го Овче Поле од северна страна. Во средишниот и североисточниот дел се масивите на планините Осогово, Плачковица, Голак и Кадиица. Централана географска положба завзема штипското подрачје, кое го зафаќа средниот слив на река Брегалница, и регионално лежи на тромеѓето од котлините Овчеполска, Кочанска и Лакавичка. Пространата сместеност на овој крај, е таква што тука се вкрстуваат значајни патни правци, кој водат преку Источна Македонија, кон Срдечката висорамнина и долината на Струма, кон Повардарјето на југ и запад, и на север кон Моравската долина. Југоисточниот дел ја зафаќа струмичко - радовишката котлина, односно сливното подрачје на Струмичка река (десна и најголема притока на Струма), ограден со планините Огражден, Беласица и Еленица, и е во централниот дел на јужен Балкан. Геоморфолошката целина на Кумановскиот басен, во централниот дел е опфатена со Кумановското Поле, кон кое гравитираат Прешевската долина, во северниот продолжеток, и текот на Моравица и Јужна Морава. Вдолж западната страна, затворен е со венецот на Црна Гора, допирајки се на југозапад со Скопската Котлина. На исток, кон Кратово и Крива Паланка, создадена е природна препрека кај с.Страцин, додека Овчеполската област е одделена со планинското разводнување кај с.Градиште.

Меѓусебната поврзаност на овие три микрорегии, се должи пред се на развиената патна комуникација, античкиот пат Хераклеа-Стоби-Пауталија.

# I. Античка географија и историја

## I.1. Историско-географски осврт

Историските случувања се од примарно значење за монетизацијата, нејзиниот интензитет и влијание во одредена област, почнувајќи од емитување на самите монети, како и тезауризација на истите. Поголем дел од времето на Принципатот, е обележано со повеќе воени настани во Римската Империја. Од карактеристичните настани во оваа временска рамка можат да се наведат широките офанзивни операции на римјаните, за време на владеењето на императорот Трајан (98-116), во чие време е успешното завршување на војните со Дакија (106г.) и нејзинито завземање. Поголеми воени дејствија се случуваат за време на владеењето на Марк Аврелиј (167г.), кога е војната со германските племиња Квади и Маркомани, придружени од Сарматите. Тогаш на удар биле подунавските области, сé до Италија, но успешно биле разбиени од страна на римските трупи, и склучен мир (175г.). Тогаш варварите го признале римскиот протекторат, а на нивна територија биле распоредеии римски гарнизони.[1] Времето на 3.век е обележано со континуираните варварски наезди. Од владеењето на Северите, тука е војната на римскиот император Каракала со германските племиња (213г.), и борбите кој ги водел на Дунав со Карпите и Јазигитите, и воените операции на Александар Север со Германите (234-235), кој се одвивале со променлив успех.[2] Значаен е походот на римскиот император Гордијан III кон Персија, со која Филип I (242-249) по смртта на Гордијан III склучува мир. На Дунав, тој добил забележителен успех против инвазијата на Карпите, но во следната 248г., биле побуната на претендентот Пакацијан, и проблемите со Готите. Пакацијан набргу е поразен, но Трајан Декиј, ја превзема и оспорува Империјата со Филип I. [3] Во ова време по должината на целата северна граница напаѓале варварите. За време на владеењето на Декиј, во 250г., Готите навлегуваат во Македонија и Тракија. По неговата смрт (251), во време на Валеријан и Галиен, позицијата на Римското Царство била тешка, постои криза и уништување на структурата на Империјата.[4] Германските племиња ја поминуваат Рајна, а Готите го преминале Дунав, и доаѓаат до границата на Ахаја. По убиството на Галиен (268), превземен е напад на границата на царството, во исто време

---

[1] Машкин А.Н., Историја на Стариот Рим, Скопје,1995,457,468,469
[2] Машкин А.Н., 1995,533,535
[3] Mattingly H., Sydenham A.E., Sutherland V.H.C., Litt D., Roman Imperial Coinage, Vol.IV,Part III, (Gordian III-Uranius Antoninus), London 1962,xx
[4] Mattingly H., Sydenham A.E., Sutherland V.H.C., Litt D.,1962,xxi

на копно и на море, од страната на Дунав. Готите прават разурнување во градовите што се простирале на европскиот и малоазискиот брег.[5] Биле уништени повеќе градови на просторот на Среден и Источен Балкан, во провинциите Горна и Долна Мезија, Тракија, Македонија и Ахаја. Овие варварски наезди (268-269), оставиле последици и на територјта на денешна Р.Македонија.[6] При продирањето на Готите, паралелно кон Тесалија, Крит и Родос, прибегнуваат кон Македонија и внатрешноста кон Тракија. Императорот Клавдиј, следејки ги, се движел по долината на Аксиј (Вардар), и натаму над планините до Горна Мезија, во долината на Морава, близу Ниш,тој извојувал брилијантна победа.[7] Во раноцарскиот период, во време на Принципатот, од 1. до 3.век целата војска била концентрирана на границите на царството. Низ Европа границата се потпирала врз тековите на двете најголеми реки, Дунав и Рајна, кои претставувале природна пречка за насилно продирање во Империјата.[8] Почнувајки од времето на императорот Трајан, по завршувањето на Дакијските војни, изграден е систем на создавање на погранични крепости, што го сочинувале т.н. limes, а на извесни растојанија се подигале кастели поврзани помеѓу себе со патишта погодни за движење на војничките трупи. Во целина, постоел систем на контрола на границите, со постоење на крајпатни воени логори, погранични станици (постови) и стражи на рудничките тврдини.[9]. Уште од времето на Хадријан, во римските легии, почнале да се примат жители на провинциите, без оглед дали припаѓале на римското граѓанство или не, а процесот на варваризација и провинциализација, најмногу се продлабочува за време на Септимиј Север со неговата воена реформа. Во широки размери на териториите на варварите биле распоредени римски гарнизони, и создавање на ветерански колонии.[10] Од колониите на подрачјето на Р.Македонија, Скупи како и другите колонии на Балканскиот Полуостров, бил уреден слично на италските градови и претставува повеќе воен логор. Во него биле стационирани различни римски легии, во различни временски периоди на римската окупација.[11] Првите римски воени кампови во провинцијата Мезија, легиите IIII Macedonica и V Scytica, биле на

---

[5] Машкин А.Н,1995, 541,542,544

[6] Микулчиќ И., Скопје со околните тврдини, Скопје, 1982,38

[7] Mommsen T., The provinces of The Roman Empire: From Caesar to Diocletian , Vol.1, London,1886, 247,248

[8] Микулчиќ И., 1982,56

[9]Машкин А.Н.,1995,457;Микулчиќ И., Антички градови во Македонија, Скопје, 1999,191

[10] Покрај постојаните римски логори се населувале војнички семејства, а на некој погранични единици им биле доделени земјишни имоти, Машкин А.Н.,1995,528,529

[11] III легија на Август, IV и V Македонска , VII легија на Клавдиј, Керамитчиев А., Нови надгробни споменици од Скупи, Жива Антика, год.XIII-XIV,Скопје,1964,154

стратешки важни точки, како што се Naisus и Scupi, од каде освоените народи Дарданци, Мези и Скордици, би можеле да ги контролираат.[12] Римската провинција Горна Мезија, заедно со Долна Мезија се погранични области во кои имало кампови на легии и помошни војнички легии, формираат дел од системот на границата на Долен Дунав. Во 2.и 3.век, многу градови првично се како населби во близина на рамките на логорите. Виминациум (главниот град на Горна Мезија) е еден од најзначајните воени пунктови.

Во рамки на Римската провинција Горна Мезија, од територијата на денешна Источна Македонија, припаѓал Кумановскиот басен, каде се евидентирани повеке епиграфски споменици (со латинско писмо) со различна содржина , а меѓу нив и оние кои зборуваат за присуство на воени единици или ветерани. Во доцниот 2. и 3.век, откриени се неколку натписи каде се споменуваат помали помошни единици (auxalia), во обем на една *кохорта* или коњичка *ала*. Тие биле главно ангажирани околу безбедноста а рудниците во Гора Мезија. Во јужните делови н провинцијата, за оваа цел од страна на императорот Марк Аврелиј, биле основани кохорите 1. и 2. Дарданска (Aureliae Dardanorum), кои постоеле и низ 3.век, а основна должност им била обезбедување на транспорт со метали, борба со незадоволните државни робови од рудиците и патролирање по патиштата. [13] Во граничната зона помеѓу провинциите Мезија и Македонија (денес југоисточен дел на Кумановско), биле експлоатирани рудни лежишта на железо и олово-сребро, контролирани од повеќе кастели. Во кастелот кај Пчиња бил стациониран дел од 1 Трачка коњичка кохорта (cohors I Thracum equitata), потврдени со натписи од 3.век.[14] Натписот од надгробната стела од с. Коњух[15], датиран од втора половина на 3в., припаѓал на активен војник, од кој се претпоставува постоење на една од помошните кохорти на ова место или во неговата околина. Најголема веројатност е за постоење на кохортата Cohors II Lucensium, за која постои мислење дека била единствена во пограничната област од мезиско –тракиската граница. Местоположбата на откривање, се наоѓа на патот кој водел од Куманово преку Ќустендил (Пауталија) за Софија (Сердика)[16]. Кохортите, како и легиите, по

[12] Petrović P.V., Pre-Roman and Roman Dardania:Historical and Geographical Considerations, BALCANICA XXXVII,Belgrade,2007,11
[13] Микулчиќ И., 1999,279; Микулчиќ И., 1982,56
[14] Микулчиќ И., 1999,279
[15] Село Коњух, се наоѓа југо-источно од Куманово, на лева страна на Крива Река
[16] Кохортата од 78г, се наоѓала во Мезија, крај на 2.век е префрлена во провинцијата Тракија, каде е сè до прва четвртина на 3.век.Јосифовска од петте наведени кохорти, како најголема веројатност ја

потреба биле преместувани од една провинција во друга, без разлика на нивната територијална оддалеченост.[17] Освен римските легии имало и ветерани, на кои во целата земја, и биле доделувани аграрни поседи.[18] Надгробниот споменик, откриен во с.Лојане, зборува за личноста која го подигнала, војник кој припаѓал на IV Флавиева легија, датиран во 3.век.[19] Присуството на римскиот војнички елемент е епиграфски забележан и во горниот дел на река Брегалница, кој е во административни рамки на провинцијата Тракија. Епиграфскиот споменик откриен во с.Двориште (Малешево, горен тек на Брегалница), кој е на латински јазик, зборува за присуство на кохортата (Concordia Severiana), која го подига спомеников во чест на императорот Каракала. Врз основа на на откриените остатоци на римски логор кај месноста Градиште, над село Владимирово, се претпоставува дека тука постоел утврден логор. Најверојатно кохортата ја вршела контролата на патиштата, кога се знае дека низ подрачјето на Малешево, минувала сообракајната врска на населбите мегу долината на Струма и Горна Брегалница.[20] Постои голема взаемна поврзаност на присуството и интензитетот на монетните наоди со римскиот војнички елемент. Како последица на бурните и немирни воени времиња постои голема тенденција за тезауризација, а со тоа и појава на серија остави кој се регистрирани на голема територија. Варварската опасност од границата на Дунав се пренесува во внатрешноста на царството, посведочена со повеќе остави во Дакија, Горна Мезија и Тракија. Во ветеранските колонии се отвораат монетарници, кој исклучиво продуцираат пари за потребите на војската како што е онаа во Дакија, која се доведува во врска со реорганизацијата на римските сили од опасност од варварите, и кова за потребите на војската на Дунав.[21] Исто и во Виминациум, како одраз на воените случувања продуцирани се емисии на монети кој се во непосредна врска со воените случувања.

Во поглед на провинциите уште од времето на Октавијан Август, биле определени главните насоки на политиката на Римското Царство, создавање на систем на

---

посочува оваа, бидејќи се дадени само иницијалите, Јосифовска Б., Један нови војничк натпис из Коњуха, Жива Антика, год XIII-XIV, Скопје,1964,169,170

[17] Јосифовска Б,1964,170

[18] Керамитчиев А., 1964,154

[19] Соколовска В., Археолошки испитувања во Кумановскиот базен, Зборник (1961-1966), Скопје, 1966,102

[20] Овде постоел пат кој од долината на Струма, водел преку планинските превои на Цами Тепе и планината Плачковица, кон долинатана Средна Брегалница, Керамитчиев А., Малешевската котлина ( резултати од археолошкото рекогносцирање во 1973), Macedonia acta arheologica,5,Прилеп,1979,154,155

[21] Boriċ-Breškoviċ B.,Nalaz bakarnog rimskog novca iz okoline Ćuprije,Зборник Народног Музеја XI-1,Београд 1983,70(ф.н.6)

потпирање на провинциската аристократија. Секоја провинција се состоела од самоуправни градови, како и од одделни племиња, што ги запазиле своите обичаи, иако постепено ја примале римската култура на Запад и хеленистичката на Исток. Во 2.век, бројот на новите градови бил голем, а значителен број од нив настанале од населбите што се формирале околу логорите и престојувалиштата на војската. Во рангирањето, прво биле колониите (coloniae), под нив муниципиумите (muncpii) и потоа доаѓале градовите (civitates). Поголем број на колонии, биле колонии на ветераните.[22]

[22] Машкин А.Н.,1995,477,478

## I.2 Административна припадност

## (административно-територијални граници во време на Принципатот I-IIIв.)

а.Римска провинција Македонија

Во административен поглед границите на римската провинција Македонија, почнувајки од 167г.пр.н.е., кога е под римски протекторат, па се́ до доцноантичко време, постојано се менуваат, особено во првите два века[23]. Како прва римска провинција на Балканот (148г.), Македонија во републиканскиот и раноцарскиот период, се простира на широка територија, присоединувајки околу себе повеќе области, кои во почетокот на римскиот царски период се одвојуваат во посебни провинции. Во време на римскиот император Октавијан Август, во Македонија се формираат повеќе колонии, почесто населувани со римски ветерани, и единствениот муниципиум, Стоби.[24] Бројните колонии кој биле основани имале за цел згрижување на ислужените римски војници, а романизацијата на оваа провинција, никогаш не била приоритет, како дел од програмата на римските владетели, иако официјален јазик во нив бил латинскиот. Од една страна, таа се издвојува од подунавските провинции, а од друга страна и од источните провинции со грчки јазик, во која се вбројува провинцијата Тракија.[25] Според истражувањата на Папазоглу, која има дадено детален преглед на македонските градови во римско време, со точно локализирање и административен статус, може да се види дека во време на Принципатот, во рамки на римската провинција Македонија опстојуваат вкупно околу седумдесет градови.[26] Од 148г.пр.н.е. до доцен 3.век, провинцијата се протегала, на запад до брегот на Јадранското море, опфакајки ја и денешна Средна и Јужна Албанија (од 129г.пр.н.е. до 4.в.), на исток до реката Места (Нест), на југ до Средна Грција, а на север до планинската бариера Шара – Караџица – Јакупица – Осогово – Плачковица – Малешки планини[27]. На север провинцијата Македонија се граничела со Горна Мезија, а тромеѓето помеѓу провинциите Македонија, Тракија и Горна Мезија, лежело на западниот крај на планината Осогово.[28] Во овој период најголем дел од денешна

[23] Папазоглу Ф.,Македонски градови у римско доба, Жива Антика,књ.1,Скопје 1957,57,64
[24] Папазоглу Ф.,1957,46
[25] Папазоглу Ф.,Ibid,5,46
[26] Папазоглу Ф., 1957,312
[27] Микулчиќ И.,1999,207
[28] Микулчиќ И.,1999,210

Р.Македонија влегувал во провинцијата Македонија. Во време на Принципатот (1.-3.век), од денешната територија на Р.Македонија влегувале регионите на Овче Поле, Велешко, Порече и Полози.[29] Од територијата на денешна Источна Македонија единствено подрачјето на  Овче Поле влегува во административните граници на римската провинција Македонија. Како аргумент за оваа административна припадност се наведува и фактот дека, спомениците кој што овде се пронајдени, се од македонски тип, со грчки натписи и грчко-македонски имиња, покрај римските, како и датирањето на одередени натписи по македонска ера.[30] За појаснување на административните граници на Македонија значаен извор претставува и античката патна мрежа. Низ Македонија поминувала една од главните сообраќајни артерии на римското царство Виа Егнатиа (Via Egnatia), која е забележана во сите итинерарии, а освен неа, во Tabula Peutingeriana се наведени патиштата Тесалоника – Стоби – Скупи, Стоби – Хераклеја и Стоби – Пауталија.[31]  Низ територијата на денешна Р.Македонија минувале три пата : Виа Егнатиа, (која го поврзувала Јадранскиот брег, преку Солун со Дарданелите и Мала Азија на исток) Виа Аксиа (Вардарска магистрала) кон северната граница на царството,  и дијагоналниот пат Хераклеја – Стоби – Пауталија, кој ги поврзувал првите два пата[32]. Освен овие постоеле и патишта од втор ред , помеѓу регионалните центри.

б.Римска провинција Горна Мезија

Регионот на Долен Дунав и источните провинции на Балканскиот Полуостров биле донесени во рамки на Римската Империја кон крајот на 1.век пр.н.е. и почетокот на 1.век н.е. Во време на владеењето на римскиот император Октавијан Август се случува конечното освојување на Дарданија од страна на Рим, а во административното вклучување во Империјата е формирањето на провинцијата Мезија, во 15г.пр.н.е. [33] Во време на Тибериј (15-44г.), Мезија била обединета со провиинциите Македонија и Ахаја во една голема административна област, под легат од конзуларен ранг. Провинцијата била гранична римска провинција на Балканот од стратешка важност. Таа граничела на југ со Македонија и Тракија, на исток реките Osum и Utus, западната

[29] Микулчиќ И.,1999,211
[30] Папазоглу Ф.,1957,83
[31] Папазоглу Ф., 1957,23
[32] Микулчиќ И.,1999,224 ;Лилчиќ В.,Античка патна мрежа,Археолошка карта на Република Македонија,Том I ,Скопје 1994, 112
[33] Petrović P.V, 2007,10

граница биле реките Морава или Тимок, а како граница на север била реката Дунав. Организацијата на провинцијата Мезија била една од најважните фази на трансформацијата на регионот на Долен Дунав во актуелните граници на Рим.[34] Таа играла значајна улога во империјалната политика и нејзиниот одбрамбен систем во тек на цел 1.век. Како провинција, далеку од Рим, се покажала како стратешка важна област, која била во состојба да влијае на текот на настаните на главниот град. Распоредот на римските трупи во Мезија, станало како главен фактор во општествено-економскиот развој и за романизацијата на таа област. Тоа било јасно и во системот на инфраструктурата и патната мрежа.[35] Во 86г., Домитијан (81-96) врши поделба на провинцијата на две провинции Горна Мезија (Moesia Superior) и Долна Мезија (Moesia Inferior).[36] Провинцијата Горна Мезија, егзистирала кратко време од 86-272г. Во неа била вклучена областа на Дарданија (јужен дел на провинцијата), која можеби претставувала административна целина, но никогаш под Принципатот не била одвоена како провинција. [37] По напуштањето на Дакија, од страна на римскиот император Аврелијан (270/5г.), тој масовно го преселува своето население јужно од Дунав, што резултира со формирање на четири провинции на територијата на Горна Мезија и делумно од оние на Долна Мезија и Тракија.[38] По овие административни реформи на Аврелијан следува поделбата во Диоклецијаново време (12 диецези и 100 провинции), кога диецезата Мезија е поделена на Дачка и Македонска диецеза. [39] Во време на Принципатот, во рамки на римската провинција Горна Мезија, од денешната територија на Р.Македонија влегувал Скопско-кумановскиот регион, кој бил целосно романизиран. Романизацијата била постепена, вклучувајки го населението на римски граѓани, резултирала со формирање на градски центри со ограничена самоуправа во одредени области на Дарданија. По римските освојувања, поради воени, економски и административни причини, предримските refugii i vici прераснале во урбани центри на поголеми површини , како што се Stobi и Naisus.[40] Со административните промени, кога од јужниот дел на Горна Мезија била создадена провинцијата Дарданија, истиот

[34] Paunov I.E., From coine to Romanitas:The numismatic evidence for Roman expansion and settlement in Bulgaria in antquiti (Moesia and Thrace,ca 146BC-AD98/117),Cardiff university,2013,92,100,103
[35] Paunov I.E., 2013,121
[36] Kos P.,Leksikon antičke numizmatike,Zagreb 1998,122
[37] Petrović P.V.,2007,11,13,14;Dušanić S.,Army and Mining in Moesia Superior во: Kaiser,Heer und Gesellschaft in der Römischen Kaiserzeit,Stuttgard Steiner,2000,343
[38] Dušanić S.,2000,343
[39] Острогорки Г., Историја Византије,Београд, 1959, 55
[40] Petrović P.V.,2007,10

влегува во нејзин состав. Седиште на провинциската управа станало Скупи, кој уште од време на Флавиевците, за време на Домитијан, добива статус на колонија (Colonia Flavia Skupi).[41] Се претпоставува дека раѓањето на градот Скупи, настанува како последица на престојот на двете македонски легии (5.македонска и 4.скитска), кои по префрлувањето од Македонија во јужнот дел на новоосвоената Дарданија, од 13-11г.пр.н.е. до 30/35г., се стационирани на местото на Скупи, каде од нив преостанал големиот логор, во чии рамки се развил градот.[42] Поради постојаната закана и опасност од варварските напади преку Дунав, Рим посветува посебно внимание на составот на формирање на лимесот на Долен Дунав, и формирање на римски воени единици кој ќе го бранат.[43] Со формирањето на двете провинции, Горна и Долна Мезија, како погранични области, во нив биле присутни кампови на римски легии и помошни војнички трупи кои формирале дел од системот на границите на Долен Дунав. Главен извозен артикл од Горна Мезија претставувале готовите метали, бакар и злато, кој претставувале основен извор на приходи на Римската држава во оваа провинција.[44]

в.Римска провинција Тракија

На источниот дел на Балканскиот Полуостров, уште од почетокот на 5.век пр.н.е., било основано кралство на тракиското племе Одрисеи, кое набрзо станува едно од најбогатите држави, а во време на продорот на римјаните на Балканот, во 1.век пр.н.е., ужива релативна државна самостојност.[45] Од 146г.пр.н.е, Тракија била одговорност на римските гувернери на Македонија, особено по смртта на Атал III. Од 141г.пр.н.е, доаѓало до постојана борба помеѓу римските трупи во Македонија и Трачаните на север. Против нив се бореле голем број на римски гувернери во Македонија, а веќе во 62-61г.пр.н.е., римските војници биле упатени кон Тракија. [46] За време на владеењето на Тиберij (14-37), римската власт во неколку обиди остварувала некаква форма на директно старателство во Тракија, но по неговата смрт во време на владеење на императорот Клавдиј (41-54), Тракиското кралство, престанува да постои (46г.).[47] Така,

[41] Микулчиќ И., 1999,11,207; Микулчиќ И., 1982,38,39
[42] Микулчиќ И., 1982,56; Микулчиќ И., 1999,279
[43] Paunov I.E., 2007,121
[44] Микулчиќ И., 1982,56
[45] Kos P.,1998,361,363
[46] Paunov I. E.,2013,59,60
[47] Mommsen T., 1886,211

еден негов дел потпаднал под римската провинција Мезија, додека од другиот била образувана прокураторска провинција, Тракија, која го поврзувала Западен Балкан со Мала Азија, и понатаму кон исток. Тракија станува седиште на провинциски гувернер (прокуратор од коњички ранг). Набрзо по нејзиното формирање, првите мерки кој ги превзела римската администрација, била да се изгради погоден пат кој би минувал низ дијагоналата на земјата. Тој е познат како via militaris/ via diagonalis, вкрстувајки ја на запад-исток Тракија, од Naisus и Serdica до Hadrianopol и понатаму до Bizantium. Под династијата на Антонините, во внатрешноста на провинцијата, римјаните изградиле секундарни патишта и линии на транспорт, односно комуникации. [48] Како мост меѓу истокот и западот, провинцијата била пстојано интегрирана од луѓе, култури како и поради својата стратешка географска локација, таа станала територија на чести турбуленции и размена на население, како и нестабилна, поради надворешните напади.[49]

Од територијата на денешна Р.Македонија, во рамки на римската провинција Тракија, од 148г.пр.н.е до доцен 3.век, влегувало подрачјето на Осоговскиот регион, средниот и горен тек на река Брегалница. Административната припадност досега е потврдена во повеќе наврати. Постои мислење дека Брегалничкиот регион, е поврзан со етникумот Меди, кој до 44год., влегува во состав на провинцијата Македонија, а подоцна со создавањето на на провинцијата Тракија, влегува во нејзин состав. Освен античките извори кои оваа област ја поврзуваат со етникумот Меди, поврзувањето на овој дел од Брегалничкото подрачје со трачки елементи, произлегува и од податоците од епиграфската евиденција на малубројните натписи на имиња со тракиско потекло, како што се натписите од неколкутте епиграфски споменици пронајдени во села во околината на Пробиштип. Така во с.Петршино, пронајдена е надгробна стела, датирана во 2.век, каде во натписот се споменуват лични имиња, кој се среќаваат на голем број натписи во Тракија, но ѝ име со грчка етимологија, кое зборува за влијанието на грчкиот јазик и традиција образложено со фактот дека местото каде е пронајден спомеников, е́ област, каде поминувала границата која ги делела двете влијанија во Македонија, грчкото, односно латинското.[50] Откриени се имиња на места и

[48] Машкин А.Н., 1995, 429;Paunov I.E., 2013,43,44,46,89
[49] Paunov I. E., 2013,123
[50] Натписи од неколку епиграфски споменици се пронајдени и во селата Древено, Пишица, во околината на Пробиштип,Керамитчиев А., Нови епиграфски споменици од Источна Македонија, Жива Антика, год.XV, Скопје, 1965, 109-114; Тракиски имиња се среќаваат и на надгробни споменици откриени во околината на Кочани (Венедиковъ И, Земитѣ по Срѣдни Вардаръ,Скопие 1943,35)

етникони, како и констатираниот тракиски начин на погребување (2.век), присутен во овие краеви, кои имаат аналогии со соседните тракиски наоѓалишта. Посебен акцент на ова дава Венедиков, кој во своите истражувања го испитува начинот на погребување на два типа на гробови во античкиот период, каде во едно од тие испитувања, во една од петте трачки могили, од 2.век, на просторот Беш Тепе, кај с.Карбинци, меѓу гробните прилози се најдени и монети на Пауталија.[51] Со административните промени на Аврелијан (270/5), и со формирањето на провинцијата Средоземна Дакија, оформена од западниот дел на Тракија и југоисточниот дел на Горна Мезија, територијата на Брегалничкиот регион влегува во нејзин состав.[52]

Освен истата административна припадност, овде е и фактот дека Брегалничкото подрачје е дел од тритте патни траси формирани од Римската Империја на територијата на Р.Македонија, односно од дијагоналниот пат Хераклеја-Пауталија, кој ги поврзувал Вардарската магистрала и Егнацискиот пат, а премостувајки го Вардар, по најкуса линија се упатувал кон Астибо (Штип), спуштајки се до устието на р.Лакавица во Брегалница.[53] Во склоп на територијата на Пауталија, која ги вклучува долините на Горна и Средна Струма, природната крстосница е така формирана, што на врската запад-исток во насока на патот Стоби-Скупи-Пауталија-Филипополис, од југ е затворена со падините на Осогово[54], а со сообраќајната врска која поминувала низ Малеш постои поврзување на населбите на долината на Струма и Горна Брегалница.

[51] Венедиковъ И.,1943,34; Папазоглу Ф.,1957, 85 (ф.н.90),
[52] Папазоглу Ф., 1957, 84; Микулчиќ И., 1999, 207, 213; Венедиков И., 1943, 28
[53] Лилчиќ В.,1994, 114
[54] Filipova S., Prokopov I., Paunov E., The numismatic collection of the regional historical Museum at Kyustendil (ancientulpia Pautalia), CCCHBulg, Vol.II, Sofia, 2009,8


20°
24°
28°
44°
40°
DACIA
MOESIA SUPERIOR
MOESIA INFERIOR
THRACIA
MACEDONIA
Black Sea
Aegean Sea
VIMINACIUM
ISTRUS
TOMIS
CALLATIS
DIONYSOPOLIS
ODESSUS
MARCIANOPOLIS
NICOPOLIS AD ISTRUM
SERDICA
MESEMBRIA
ANCHIALUS
DEULTUM
APOLLONIA PONTICA
AUGUSTA TRAJANA
PAUTALIA
PHILIPPOPOLIS
HADRIANOPOLIS
BIZYA
NICOPOLIS AD NESTUM
STOBI
PLOTINOPOLIS
PERINTHUS
BYZANTIUM
PHILIPPI
TOPEIRUS
ABDERA
MARONIA
TRAJANOPOLIS
PELLA
AMPHIPOLIS
THASSOS
AENOS
EDESSA
THESSALONICA
SAMOTHRACE
SESTUS
COELA
ELAEUS
DIUM
CASSANDREIA
LEMNOS
Border of Roman province in the middle of I century A.D.
DACIA Name of province
Border between Thracia and Moesia Inferior from the beginning of III century A.D.
Chief town of province
Map of the scale 1:5 000 000

## II.Циркулација на пари продуцирани од Римската провинција Македонија

### **II.1.**Нумизматичка циркулација врз основа на монетарници

Со претворање на Македонија во римска провинција (148г.пр.н.е.), во време на римскиот император Клавдиј (41-54), околу 44г., почнуваат да се коват автономни бронзени пари. Во свое име, пари ковале градовите и градовите -колонии[55]:

Beroia (Клавдиј – Филип I)
Thessalonica (Октавијан Август – Галиен)
Amphipolis (Октавијан Август – Галиен)
Stobi (Веспасијан – Каракала)
Edessa (Октавијан Август – Филип I)
Pella (Хадријан – Филип I)
Philippi (Клавдиј – Галиен)
Cassandreia (Клавдиј – Филип I)
Dion (Тибериј - Галиен)

Колониите Дион, Касандреја, Дирахион и Филипи се колонизирани за време на владеењето на императорот Октавијан Август, околу 30г.пр.н.е, со добивање на италско право (ius Italicum), со самото нивно формирање.[56] Серијата се движи од Клавдиј до Филип, поделена на три периоди[57]:

1.Од Клавдиј до Веспасијан
2.Од Домитијан до Марко Аврелиј
3.Од Септимиј Север до Филип

На територијата на денешна Источна Македонија присутни се монетни изданија емитирани од монетарниците во градовите Бероја, Тесалоника, Едеса, Филипи, Амфипол, и монетарницата во градот Стоби (Таб.1,граф.1). Од табеларниот преглед може да се види дека најголема партиципација во испитуваниот материјал има монетарницата Бероја, која учествува со 83,13%. Сите претставуваат изданија на Македонскиот Коинон[58], емитирани континуирано во периодот од 1.до 3.век, за време на римските императори Клавдиј, Нерон, Антонин Пиј, Марк Аврелиј, Александар

[55] Touratosglou P.I., Greece and the Balkans before the end of antiquity, Athens, 2006,152; Kos P.,1998,225
[56] Папазоглу Ф., 1957,113
[57] Gaebler H.,Die Antiken Münzen von Makedonia und Paionia,Berlin 1906,11
[58] Македонскиот Коинон е образуван за време на Октавијан Август, а последното негово споменување е во средината на 3.век (Папазоглу Ф.,1957,113,117)

Север и Гордијан III. Коинонот претставувал средишен орган на македонската заедница на градови, кој уште од Раното царство, околу 44г., е трансформиран во институција со врски што водат до провинцискиот култ на царот, со организирање на годишни фестивали и игри во чест на императорот. За местото на ковање на монетите на Македонскиот Којнон, потврдено е мислењето, дека тоа е монетарницата во Бероја, која била седиште и центар на истиот, а и "неокорија"[59] на провинцискиот култ[60].

| Дата | Монетарници | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Beroia | Philippi | Stobi | Edessa | Amphipolis | Thessal. | |
| 41-68 | 6 | 2 | | | | | 8 |
| 98-117 | | | 1 | | | | 1 |
| 138-161 | 20 | | | | | | 20 |
| 161-180 | 5 | | 4 | | | | 9 |
| 196-217 | | | 1 | | 1 | 1 | 3 |
| 218-222 | | | 2 | | | | 2 |
| 231-235 | 13 | | | | | | 13 |
| 238-244 | 25 | | | 1 | | | 26 |
| 244-249 | | | | | | 1 | 1 |
| Вкупно | 69 | 2 | 8 | 1 | 1 | 2 | 83 |

Таб.1

Бероја се појавува како центар на Коинонот во време на Флавиевците, кога првпат на парите е посведочено нејзиното постоење, сè до средина на 3.век., односно по владеењето на императорот Филип I. Имено, постојат само шест типа на кои името на градот се споменува, заедно со она на Коинонот, додека во сите други изданија неговото име стои само. Освен ова и самата реверсна типологија кореспондира со самата Бероја.[61]

59 Неокорија претставува право на одржување на храмот заради обновување на царскиот култ (Папазоглу,Ibid,117)

60 Burell B.,Neokoroi, Greek Cities and Roman Emperors, Leiden-Boston 2004,191,193; Head V.B.,Historia numorum a manual of Greek numismatics,Oxford 1911,242

61 Burell B.,2004,191,196;Gaebler H.,1906,23




Граф.1

Од време на првите два века на Царството, нема докази за поврзување на Тесалоника со Македонскиот Коинон. Таа станува неокорија, за време на Гордијан III, а за време на Трајан Декиј, метропола и колонија. Иако е административен центар на провинцијата Македонија, Тесалоника, во провицискиот живот почнува да учествува, дури во средината на 3.век.[62] Според процентуалната застапеност со 9,63% е муниципиумот[63] Стоби, единствена монетарница на територијата на денешна Р.Македонија во римскиот период. Отворена е за време на императорот Веспасијан (69-79), во 72г., и со неколку прекини затворена за време на Елегабал, 222г.[64] Првиот двегодишен прекин е во време на римскиот император Нерва (96-98г), кратко време работи за време на Трајан (98-117), за да понатаму од 118-161г., за време на Хадријан и Антонин Пиј, постои прекин од 44 години, кога монетарницата за време на Марк Аврелиј (161-180) повторно почнува да работи, и по еден повторен прекин од дванаесет години, во време на Комод, започнува со емитирање, во периодот на владеење на римскиот император Септимиј Север (193-211), се до нејзиното затворање. Причините за затворање на монетарницата во Стоби се поврзуваат со реорганизациската политика на Александар Север, намалувањето на бројот на монетарници во провинциите на Балканскиот Полуостров, кои имале за цел да се

[62] Папазоглу,1957,116,155
[63] Околу 30г.п.н.е, Стоби од oppidum civium romanorurm, израснува во municipum (Папазоглу Ф.,Ibid,235)
[64] Керамитчиев А.,Римската монетарница во Стоби,Зборник (1961-1966), Скопје 1966,40

намалат расходите во државниот апарат, да ја зајакнат државната финансиска дисциплина. Причините за овие прекини, се наоѓаат од една страна и со отворањето на нови монетарници во тој период на затворање, но и како последица на историските случувања во Римската империја во тој период.[65] Монетите во Стоби се ковани во четири временски периоди, I - во време на Флавиевците (Веспазијан, Тит, Тит и Домицијан, Домицијан и Домиција), II- време на Трајан, III- Марк Аврелиј и Фаустина, и IV - во време на Северите (Септимиј Север, Јулија Домна, Каракала, Гета, и Елегабал) .[66] Во стобската монетарница, ковани се само бронзени монети од 12 римски императори. Застапените емисии кој партиципираат, се од императорите Трајан, Марк Аврелиј, Каракала и последните од Елегабал, во 222г. Освен истата административна припадност, со оглед на фактот дека сите примероци се пронајдени на територијата на Овче Поле, кој во време на Принципатот влегувал во провинцијата Македонија, овде треба да се спомене и транзитниот карактер, односно фактот дека во Стоби се крстосувале двете римски магистрали (една по долината на Вардар, од Солун за Скупи и Ниш, а другата од Хераклеа до Сердика.[67] Монетарницата во римската колонија Филипи (процентуално учество 2,40%), содржи изданија емитирани во периодот на императорите Клавдиј и Нерон (41-68г.), а со иста застапеност е и монетарницата Тесалоника. Монетарниците Амфипол и Едеса, учествуваат со најмала застапеност (0,50%), со емисии на Макрин и Гордијан III. Почетоциите на монетоковање на монетарницата во истоимениот град Амфипол, датираат од 370-354г.пр.н.е., и претставува една од најважните монетарници на македонските кралеви (357-168г.пр.н.е.), и на македонското автономно ковање (187-31г.пр.н.е.).[68] Едеса по освојувањето од страна на Римјаните , е еден од најстакнатите македонски градови, често идентификувана со македонската престолнина Ајга.

---

[65] Керамитчиев,1966,43,44

[66] Бориħ –Брешковиħ Б, Реверсне претставе на новцу муиципијума Стоби, Нумизматичар 15, Београд 1992,26

[67] Керамитчиев А.,1966,40

[68] Gaebler H.,Die Antiken Münzen von Makedonia und Paionia,Berlin 1935,30-44

## II.2. Нумизматичка циркулација според години на емитување

Во следниот чекор на испитување , за се добие попрегледна слика за монетниот оптек на емисиите на римското монетоковање од провинцијата Македонија на територијата на денешна Источна Македонија, освен фреквенцијата (бројчен однос према години на емитување), испитана е и коригираната фреквенција (број на примероци во една година), а со тоа и и кумулативната низа или сукцесивниот збир на монети. Врз основа на податоците поврзани со археолошката позадина на монетните примероци, со хронолошка и типолошка припадност на емисиите од римската провинција Македонија, пронајдени на територијата на денешна Источна Македонија, местото на наоѓање се поврзува со различен ранг и потесен археолошки контекст. Анализата покажува една состојба на археолошки локалитети кој претставуваат населби и затворени гробни целини.

| Година | Фреквенција | Голем.на врем.период. | Коригирана фреквенција | Кумулативна низа |
|---|---|---|---|---|
| 41-68 | 8 | 27 | 0,29 | 8 |
| 98-117 | 1 | 19 | 0,05 | 9 |
| 138-161 | 20 | 23 | 0,86 | 29 |
| 161-180 | 9 | 19 | 0,47 | 38 |
| 196-217 | 3 | 21 | 0,14 | 41 |
| 218-222 | 2 | 4 | 0,50 | 43 |
| 231-235 | 13 | 4 | 3,25 | 56 |
| 238-244 | 26 | 6 | 4,33 | 82 |
| 244-249 | 1 | 5 | 0,20 | 83 |

Таб.2

Циркулацијата може да се следи, со самите почетоци на провинциското монетоковање, односно со емисиите 41 -68г., со вредност на коригирина фреквенција од 0,29, изданија на монетарницата Филипи и на Македонскиот Којнон, од самите негови почетоци на продуцирање на монети.




Граф.2

Во периоот од 98-117г., постои многу мала, незначителна вредност на коригирана фреквенција (0,05), за да во 138 – 161г., регистриран е малку поголем доток на пари, емисии продуцирани за време на династијата на Антонините (Антонин Пиј, Марк Аврелиј). Понатаму, кога би ја разгледале состојбата во една хронолошка рамка од 41-222г, ке се види дека со мали осцилации, постои мал оптек на пари и воедначена коригирана фреквенција со вредности од 0,14 до 0,86, и може да се каже дека се работи за нормална циркулација, воопшто слаба фреквенција на изданијата на македонското провинциско ковање. Се работи за емисии, од кој 72 % припаѓаат на Македонскиот Коинон, додека останатите се емисии на монетарниците во Филипи, Стоби, Амфипол и Тесалоника. Сите примероци се пронајдени на територијата на Овче Поле[69] и југоисточниот дел[70] на денешна Источна Македонија. Највисока вредност и драстичен раст на циркулацијата има во периодите , со временско емитување во 231-235г. (3,25) и 238-244г.(4,33). Тргнувајќи од фактот, дека најголем дел од примероците во оваа хронолошка рамка претставуваат составен дел на неколку колективни нумизматички наоди, истите ќе биде разгледувани во рамки на нивниот целосен содржински состав. Сите потекнуваат од археолошки наоѓалишта, сместени во југоисточниот дел на испитуваното подрачје: некрополата Гуштерова Чукарака на Лок.Црвено Поле, некрополата Бело Гробје, Лок.Драгулево, доцноримска термална бања во с.Банско,

[69] Стобските емисии (8пр.) – Лок.Керамидница, с.Мустафино, останатите без позната археолошка позадина од подрачјето на Овче Поле
[70] Изданијата на Филипи (2пр.), Амфиполис (1пр.) и Тесалоника (1пр.) – Лок.Црвено Поле, Струмица, Лок.Врчва, Боров Дол (с.Конче), доцноримска термална бања,с.Банско,Струмица

Струмица. Сите три колективни наоди имаат сличен содржински состав. Имено, хронолошката и типолошка идентификација на примероците од некрополата Гуштерова Чукарка[71], од вкупно 168 примероци, според хронолошката и типолошка идентификација 152 припаѓаат на регуларните римски империјални изданија (121пр.-3.век, 31пр.-4.век), со партиципација од 90,47%, и концетрација на ковничко емитување од 270/5-276/82г., и 16пр., односно 9,52% изданија на римската провинција Македонија. Иста е состојбата и со нумизматичкиот материјал од некрополата Бело Гробје[72], каде распоредот на изданија, покажа учество на 86,11% на римски царски изданија (62пр., 3.и 4.век) и 13,88% (10пр.) на емисии кој припаѓаат на македонското римско провинциско монетоковање (сите од 3.век, Македонски Коинон), со концетрација на ковничкото емитување во 270/5 -276/82 година. Во останатите археолошки наоѓалишта (доцноримската термална бања и Лок.Врчва), состојбата со бројчаната застапеност на регуларни и провинциски изданија се движи во слични рамки. Имено, во доцноримска термална бања (објект со мозаик) меѓу изданијата од 3в. (регуларни империјални емисии), се наоѓаат и изданија на Македонскиот Коинон од 3век; На локалитетот Врчва, во ист археолошки котекст се најдени изданија исто од Коинон од 3.век, заедно со империјални изданија од 3.и 4.век, како и римски провнциски изданија (Македонија и Тракија), исто така најдени во ист потесен археолошки контекст. Останатиот, многу мал дел е од Брегалничкиот регион кој е во незначителен број.[73] Овој раст на циркулацијата во временските интервали во 231-235г. и 238-244, освен со аргументот како последица на големета монетарна продукција на овие локални монетарници, може да се поврзе и со воено-историските случувања, односно како резултат на наездата на Готите, и други воени дејствија. Ова се одразува и во следниот период, коа следи драстичен пад на циркулацијата (0,20), состојба скоро иста како и во првата хронолошка рамка (41-222г.).

Како една компарација и слика, односно сличен содржински состав и распоред на изданија, е забележан, но ретко, и во оставите пронајдени и во останатите делови на Римската провинција Македонија, кој се територијално најблиски до испитуваното подрачје, каде со регуларните империјални изданија, присутни се и мал број на емисии

---

[71] "Монетите од Лок.Црвено Поле, Струмица", текст презентиран на II Меѓународен симпозиум по археологија, тема mortui, vivos docent (Г.Јанева, Струмица,2011)

[72] Јанева Г., Монетите од Лок.Драгулево, с.Иловица,Струмица, Македонски нумизматички гласник, 5, Скопје 2012

[73] Се работи повеке за случајни наоди, без дефинирана археолошка позадина

од градовите на Римската провинција Македонија.[74] Како компаративен материјал, може да се споменат испитувањата на Туразоглу, каде содржинскиот состав на наведените 564 остави на монети, во периодот 235-294год., од вкупно 13 римски провинции (Noricum, Pannonia Superior, Dalmatia, Moesia Superior, Moesia Inferior, Macedonia, Italia, Panonia Inferior, Dacia, Achaia, Epirus, Creta, Thracia)[75], од евидентираните четири од провинцијата Македонија, само две се со мешовит состав[76], додека останатите се состојат од изданија само од градовите на Македонскиот Коинон. Испитувајки ја циркулацијата, Туразоглу забележува дека во провинцијата Македонија оставите кој се блиску до изданијата на императорот Гордијан III, воглавно се состојат од бронзени монети од градовите на Коинонот[77] и регионот, но се среќаваат и примери каде има присуство на други номинали (денари) во оставите на локалните бронзи. Додека, во време на Галиен, во состав на оставите, составот е само од од емисии на Македонски Коинон или од антониниани.[78] Како аналоген пример на едно од овие тврдења, може да се посочи нумизматичкиот материјал, пронајден со археолошките истражувања на локалитетот Исар-Марвинци, кој е во состав на римската провинција Македонија, а é во рамки на територијата на денешна Р.Македонија каде во различен археолошки контекст (поголем дел во затворни гробни целини), се откриени значителен број на изданија, емитирани од градовите од римската провинција Македонија, и регуларни империјални емисии, сите идентификувани во периодот на 3.век.[79]

[74] Touratsoglou P.I., 2006,156

[75] Touratsoglou P.I., 2006,213

[76] Едната е од Лариса, која завршува со емисии од 238г. (6 денари од Трајан- М.Аврелиј, 5 сестертии од М.Аврелиј и 364 пр. од Тесалискиот Коинон), а втората е од Килкис ( со емисии на Тесалоника, Едеса, Пела, Стоби, примероци од Македонски Коинон (од Хадријан-Филип II) и четири бронзени од монетарницата Рим ( Веспазијан-Максимнн) (Touratsoglou, 2006,175,181,188,189)

[77] Се мисли не само на Македонскиот Коинон, туку и на останатите коинони

[78] Touratsoglou, 2006,156;Како пример од просторот на денешна Р.Македонија оставата од Будур Чифлик (Демир Капија) кој административно припаѓа на провинцијата Македонија, состав од 16сребрени денари и антониниани емитирани од Веспазијан до Галиен (Mirnik I.A., Coin hoards in Yugoslavia, BAR International series 95, 1981,61)

[79] Поглавје VII.1, (Соколовска В., Исар-Марвинци и Повардарјето во антички време, Скопје,1986,98,107,111-113)

## II.3.Типологија

Врз основа на каталошките податоци, типолошката идентификација на определените примероци покажува една хомогена слика во монетните изданија на Македонскиот Коинон, со континуиран распоред во првите три века на неговото емитирање.

Во емисиите емитирани во првите два века аверсната иконографија е претставена со империјална биста. Реверсната типологија кај изданијата од 1.век, е со иконографска претстава на македонскиот штит, и инскрипцијата ΣΕΒΑΣΤΟΣ ΜΑΚΕΔΟΝΟΝ. Првите монетни изданија со претстава на македонскиот штит и шлем, како и инскрипцијата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ се за време на владеењето на македонските владетели Филип V и Персеј, ковани во сребро, кои заедно со инскрипциите, претставуваат доказ за постоењето на Коинонот на македонските градови и на македонските административни области (мериди), пред освојувањето на Римјаните.[80] Во предметниот материјал регистрирани се вкупно шест емисии, емитирани од императорите Клавдиј (41-54) и Нерон (54-68). Кај примероците од втори век, конкретно емитирани од Антонин Пиј (138-161) и Марк Аврелиј (161-180), реверсната инскрипција кај сите (вкупно 26 пр.) стои ΚΟΙΝΟΝ ΜΑΚΕΔΟΝΟΝ, со иконографска претстава на крилестата молња, и само еден примерок со претстава на Арес. Во типологијата кај изданијата од 3.век, можат да се дефинират повеќе типа. Од Елегабал до Филип I се користи аверсниот тип со глава или биста на Александар Велики со легендата ΑΛΕΣΑΝΔΡΟΥ.[81]

Од типологијата на Геблер[82] во предметниот нумизматички материјал во автономните провинциски изданија од прва половина на 3.в. присутни се типот A, B, C, D и E[83]:

Тип A - аверсна иконографска претстава на Александар Велики со долга коса која виси на рамена и дијадема, надесно;

Тип B - со развиорена коса, надесно (со дијадема),

Тип C - со развиорена коса, налево (со дијадема),

Тип D - со лавовска кожа на глава, надесно

Тип E - со атички шлем на глава, надесно

---

[80] Howgego C.,Heuchert V.,Burnett A.,Coinage and identity in the Roman provinces, Oxford, 2005, 102; Bellinger A.R.,Geek Mints under the Roman Empire:In Essays in Roman Coinage Presented to Harold Mattingly,ed R.A.G.Carson and C.H.V.Sutherland,Oxford 1956,138,139

[81] Head B.,1911,241

[82] Типологијата на примероците е извршена според Геблер кој има дадено прегледна типизација на македонските провинциски изданија од 3в., според аверсната иконографска претстава ( Gaebler 1906,76-144)

[83] Геблер има регистрирано десет типа (A-K) ( Gaebler 1906,15)

Од сите пет типа регистрирани во испитуваниот материјал, според аверсната иконографија најголемо присуство бележи типот А. Овој тип (со дијадема) бил еден од најпознатите и најраспростанетите иконографски типови на Александар, пред Дијадосите и во тек на римскиот период. Неговата голобрада претстава, со носење на дијадема, индицирала на неговиот кралски ранг. Овој негов портрет бил во фокусот на владетелите Александар Север, Каракала и Елегабал.[84]

Од реверсните иконографски типови се среќаваат главните типови на провинциското автономно ковање како *Атена Никефорос*, *лав со суровица* над него, *Александар го јава Букефал,* односно *Коњаник*, *две круни на маса*, *Храм*, *Александар со Букефал*. Од вкупно евидентирани 38пр., за време на Александар Север, Гордијан III, Филип I, најголема застапеност има реверсниот тип Александар III Македонски на коњ или *Коњаник*. Овој тип на реверс, во време на емитување на императорот Александар Север, се поврзува со неговата посета на Бероја, и патот кон војната со Персија.

Типот со претстава на двете круни, не бил многу актуелен, но тие ги претставувале провинциските фестивали (Alexandreia и Olympia), а биле поврзани со царските храмови во Бероја. Најверојатно, македонските провинциски фестивали го прославувале Александар Велики, а не императорите.[85] Постои комбинирање на традиционалниот култ на владеечкиот император со фестивалските игри во чест на Александар Велики. Тие се одржувале секои четири години, стартувајки од 242/43 и втор пат во 246/47 година, и станале настан од големо економско значење, а можеби и причина за големиот број на монети кои се однесуваат на нив.[86] Типот со два храма, кој во предметниот материјал е застапен со еден примерок, ја илустрира и претставува илузија на втората неокорија на градот Бероја.[87] Иконографскиот тип маса со две скапоцени круни на неа, исто така со себе носи симболично заначење поврзано со фестивалските игри, односно, круните ги претставуваат наградите наменети за победничките спортисти. Генерално сите реверсни типови се фокусираат на култот кон Александар Велики, разните иконографски сцени го прикажуваат неговото легендарно потекло, како што е коњаникот (борба со непријателот), лов – симболизиран преку иконографскиот тип на лав, епизодите со Букефал (негово припитомување) и сл.[88]

[84] Dahmen K.,The legend of Alexander the Great on Greek and Roman coins, London, 2001,43
[85] Burell B,2004, 191,196
[86] Dahmen K.,2001,136
[87] Burell B,2004, 193;Head V.B., 1911,241
[88] Dahmen K.,2001,138

Голем број на типовите на Александар, се појавуваат под Елегабал, во време кога Бероја ја прима втората неокорија.[89] Од индентификуваните (38 пр)., во периодот на 3.век, реверсната инскрипција, кај единаесет од нив се гледа титлот ΝΕΩΚΟΡΟС, инаку додаден од императорот Макрин во 218г, а В ΝΕΩΚΟΡΟС кој прв го воведува на монетите Елегабал, го има кај шест емисии. По неколку години по смртта на Елегабал инскрипцијата ΝΕΩΚΟΡΟС е отстранета, а се додава KOINON MAKEΔONON OMONIA, тип кој укажува на Тесалоника како град во сојуз на провинцијата. Во 231г. императорот Александар Север се враќа на легендата ΝΕΩΚΟΡΟС.[90] Во испитуваниот нумизматички материјал дефиниран е само еден тип со титлот OMONIA.

Како поединечни се изданијата на: Плаутила (198-217), монетарница Тесалоника, Макрин (217-218), издание на Амфиполис, иконографски тип на Тихе, и Гордијан III (238-244), монетарница Едеса, со претстава на иконографскиот тип од серијата city – goddesses (град – божество), односно претстава на персонификација на градот, која со различни атрибути се среќава и кај емисии од други провинциски ковања. Сите овие поединечени примероци, ја следат стандардната реверсна типологија на автономното провинциско монетоковање. Малкуте примероци продуцирани од монетарницата Филипи (2пр.), се изданија од 41-68г., во време на императорите Клавдиј и Нерон, кога се коват бронзени псведоавтономни пари на кој ликот на императорот е заменет со три воени знамиња. Прифатено е мислењето, псевдоавтономното ковање да се стави во автономно провинциското.[91]

Реверсните типови на емисиите на монетарницата Стоби, која учествува со 9,63% , во целокупниот содржински состав на изданијата од римската провинција Македонија на територијата на Источна Македонија се состои од следните типови[92]:

*Храм* (тип 3), со претстава на храм со четири столба, внатре статуа на божество (Асклепиј);

*Тихе* (тип 9) – Претстава на Тихе во краток хитон, исправена со глава свртена налево, во десна рака држи патера, во лева скиптар,

[89] Howgego C., Heuchert V., Burnett A., 2006,102

[90] Head B.,1911,241;Според Геблер додадената инскрипција OMONIA е издание од 231г., а со ΝΕΩΚΟΡΟС ги става во периодот од 231-235г. (Gaebler 1906,20-21,97)

[91] Kos P,1998,299

[92] Типологијата е направена според Бојана Борић Брешквић,која има регистрирано вкупно 37 типа, и шест во групата incerta (Борић –Брешковић Б., 1992,27-40)

*Зевс* (тип 13) – Зевс седнат налево во десна рака држи патера, во лева скиптар; *Викторија* (тип 19) – претстава на Викторија во долг хитон, во десна рака држи венец, во лева палмина гранка;

*Викторија-Немеза* (тип 33) – Викторија Немеза во од, налево, пред нозе тркало, во десна рака држи венец и кратка палка, во лева палмова гранка.

Доминира типот Викторија, кое го означува победничкото значење на римската војска, но и претстава која преовладува во монетарната продукција на Стоби. Реверсната инскрипција се состои од легендата Municipium Stobiensum, во полна или скратена форма, како и сиглите GS (Germanicus Sarmatico) кој се појавуваат на некој изданија,а имаат врска со победите на Марк Аврелиј над Германите и Сарматите.[93]

Од типолошкиот преглед на емисиите од македонското провинциско монетоковање, односно аверсните и реверсни икнографски прикази можат да се видат различни влијанија, односно од римскиот царски период и локалните традиции. Присутни се божества и нивни персонификации од грчкиот и римскиот пантеон, како и синкретистички божества. Македонските градови покажале "зависност" кон Рим на раните провинциски прашања, со донесување на типови во чест на царското семејство, и репродукција на царските теми. Локалните теми биле се повеќе во изобилство, особено во 3.век, додека римските се повеќе се намалувале. Што се однесува до изборот на Македонскиот Којнон за ваков вид на претставување, односно, македонскиот штит и крилестата молња како традиционални македонски симболи, од друга страна е и преку локалните традиции, дефинирање на себеси, кои веке ѝ не претставувале опасност за Рим. Иконографскиот аверсен приказ на Александар Велики, претставувал идентификување на царот со истиот, а реверсните иконографии од овој период (3.век.), алудираат на кралските македонски изданија, слава и акцент на македонскиот идентитет. Но, сепак римските политички институции опстојувале, така што латинското писмо никогаш не било напуштено на легендите на колонијалните пари.[94]

[93] Бориќ –Брешковиќ, 1992,37
[94] Howgego C.,Heuchert V.,Burnett A.,2005,102,106

## III.Циркулација на пари продуцирани од монетарницата Виминациум од Римската провинција Горна Мезија

Виминациум во тек на својата историја израснал во најголема градска населба на Горна Мезија, а воедно е и нејзин главен град.[95] Тој станува римски логор во 1.век, и служи како седиште на императорот Трајан во време на дакијските војни, ѝ е воена колонија сѐ до времето на Гордијан III (239г.)[96]. Продукцијата на Виминациум, како населба на римските ветерани, но истовремено и центар и упориште на римскиот војнички елемент, припаѓа на царскиот систем на строго контролирано ковање, условено од посебни потреби, и монетарница, која покрај Рим и Антиохија во периодот на прва половина на 3.век, е трета која емитира изданија за Римската Империја.[97] Таа уште од почеток се издвојува со голема монетарна продукција со оптек на поголем простор, и претставува една од најзначајните продукциони центри на Балканот, пред Дакија, долномезиските, и останатите источни монетарници. Монетарницата правото на ковање го добива во почетокот на владеењето на императорот Гордијан III (238-244), истовремено со издигнување на градот во ранг на колонија.[98] За почетоците на ковање на оваа монетарница постојат повеќе мислења, а се движат во временски распон од јануари 239г. до ноември 240г.[99] Во обид на решавање на почетокот на виминациската локална ера, како почетна точка, наведени се повеќе комбинации, каде е спорна XI година локална ера на монетите на Филип I, и XIV година на императорот Валеријан, за кои постојат сигурни изданија.[100] Доминира мислењето дека виминациската монетарница започнува со работа, во втора половина на 239г.[101] Една од причините за отворање на истата, е недостатокот на ситни пари во монетарниот оптек на територијата на подунавските провинции, а влијание имале и други фактори, од економски, воен, географски или политички карактер.[102] Отворањето на монетарници за бакарни пари, претставувало ѝ една од низата мерки кој владата на Гордијан III, ги

[95] Зотовић Љ., Јордовић Ч., Некропола више гробаља, Viminacium, Београд,1990,1; Борић-Брешковић Б., Реверсне претставе на новцу колоније Виминацијум, Зборник Народног Музеја, Београд 1986,123
[96] Sayles W.G.,Ancient coin collecting IV:Roman Povincial coins, Iola 1998,29
[97] Borić-Bre{kovič B., 1983,70(ф.н.6) ;Душанић С., Новац колоније Виминациума и датуми из римске историје средине III века, Старинар, н.с. к.н.XII/1961, Београд 1961,146
[98] Борић-Брешковић, 1986,123,124
[99] Според Васић, таа започнува ноември 240г., Kubitschek јануари 239,Elmer, јули (Dušanić S.,The era of Viminacium, Ковање и ковнице антчког новца, Београд,1976,53)
[100] Орлов Г., Емисије виминациских монета XI године локалне ере, Старинар н.с.кн.VII-VIII,1956-1957,Београд,1958,286;Душанић С., 1961,142
[101] DušanićS.,1976,53
[102] Борић-Брешковић Б.,1986,123

превзела по борбите со Карпатите и Готите во предходната 238г., за осигурување на одбраната на балканските провинции.[103] Работата на виминацискатa монетарница престанува за време на римските императори Валеријан и Галиен (253-268)[104]. Монетарната активност од 16 години е наведена во отсечокот, номинирани од AN I – XVI.[105]. Во целото ковничко емитување има два прекини, во X (248/9) и XV (253/4) година, а краткотрајното прекинување се поврзува со неколку причини. Односно, освен економските прилики, како причина, постои мислење дека една од нив е узурпацијата на императорот Пакацијан, кој владее многу кратко (248г.), со седиште во Виминациум, понатаму, како една од причините се наведува и ковањето само на антонинијани во X и XV година, особено за време на Валеријан, за време на плаќање на војската[106], бидејки, освен локалните пари, во Виминациум се коват и империјални пари ковани во сребро.[107] Скоро, секогаш како придружен нумизмтички материјал на виминацискатa монета, во мал бројчен сооднос во наодите се појавуваат примероци на провинцијата Дакија. Ковањето за првпат е евидентирано, во време на владеење на императорот Филип I, 246 г., а затворена 256/7год. Во реверсниот отсечок, е годината на ковање од AN I – XI. [108]. Во монетарницата Виминациум емитирани се изданија на четиринаесет владетели и членови на нивните семејства[109]. Во содржинскиот состав на нумизматичкиот материјал регистриран на територијата на денешна Источна Македонија застапени се изданија на шест владетелски имиња (Таб.3 ). Од табеларниот приказ може да се види дека со најголем процент учествува императорот Филип I (38,23%), понатаму, Гордијан III (29,41%), Трајан Декиј и Требонијан Гал (11,76%), и Херенија Етрускила и Хостилијан со учество од 11,76%. Од хронолошкиот преглед се гледа дека првите застапени емисии се од самите почетоци на виминациискатa монетарница, односно II година локална ера, 240/41г., а забележителна е застапеноста во IIII година од локалната ера, односно 242-243 година, со емисиите на Гордијан III, за

---

[103] Борић-Брешковић Б.,1986,171

[104]Pick B.,Die Antiken Munzen von Dacien und Moesen, Berlin1898,23; Според Орлов монетарницата прекинува со емитирање во 256г (Орлов Г., 1958,281), според други во 254/55г.(Борић-Брешковић Б., 1986,123)

[105] Наведено од повеке автори:Борић –Брешквић,1986, 123;Kos P.,The provincial Moesia Superior in Viminacium,Zetshrift für Papyrologie und Epiraphik,91,1992,211,212; Pick B.,1898,23

[106] Борић-Брешковић, 1986,123;Душанић С.,1961,143,Орлов Г., 281

[107] Борић-Брешковић Б, Ковање Филипа II у Виминацијуму и проблем VI године виминацјумске ере, Нумизматичар 10, Београд 1987,26

[108]Alföldy A.-Gazdac C.,The coinage,PROVINCIA DACIA,Acoinage for one province only?(246-257), ACTA MVSEI NAPOCENSIS,39-40/1,Cluj-Napoca,2002-2003(2004), 247; Kos P,1998,74

[109] Орлов Г.,1958,281

кој се знае дека неговите емисии завршуваат V година.[110] Растот на емисиите во IIII година е како последица на историските случувања, кој е во рамки во општиот оптек на овие монети, и е како одраз на воените случувања, а се поврзува со походот на Гордијан III, кон Персија, а некогаш и со неговото поминување низ Виминациум.[111] Тогаш се издадени низа вонредни емисии, со нови реверсни претстави.[112] Полетот од првите години на виминацискатa монетарница, последица е и на зголемување на вредноста воопшто на бакарните пари, но и предзнак на монетарната криза[113]

| Император | ANNO | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IIII | V | VI | VII | VIII | VIIII | X | XI | XII | XIII | XIV | XV | XVI | ? |
| | 239/40 | 240/41 | 241/42 | 242/43 | 243/44 | 244/45 | 245/46 | 246/47 | 247/48 | 248/49 | 249/50 | 250/51 | 251/52 | 252/53 | 253/54 | 254/55 | |
| Gordianus III | | 3 | | 7 | | | | | | | | | | | | | |
| Philippus I | | | | | 4 | 4 | | 4 | | | | | | | | | 1 |
| Otacilia | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Philippus II | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| T.Decius | | | | | | | | | | | 1 | 3 | | | | | |
| Etruscilla | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | |
| Etruscus | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Hostilianus | | | | | | | | | | | | 2 | | | | | |
| T.Gallus | | | | | | | | | | | | 2 | | | | | |
| Volusianus | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Aemilianus | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Valerianus | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Mariniana | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Gallienus | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ? | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| Вкупно | | 3 | | 7 | 4 | 4 | | 4 | | | 1 | 8 | | | | | 3 |

Таб.3

[110] Орлов Г.,1958,286; Гордијан III, бил убиен почетокот на V година, локална ера, на персиските боишта (Душанић С.,1961,148)
[111] Душанић С.,1961,148,150;Борић – Брешковић Б.,1986,137
[112] Душанић С.,1961,145
[113] Борић -Брешковић Б., 1986,171




Граф.3

По ковањето на Гордијан III, во V година доаѓаат изданија на императорот Филип I. Засатапеноста на емисиите на Филип I, во V -243/44 и VI – 244/45 година, е со застапеност на ист број на примероци. Продукцијата на емисите во овие две години на емитување, како и останатите се поврзуваат со историските случувања, поврзани со императорите, односно содржинската симболика преку реверсните претстави, издадени во вонредните изданија во истата година. Така, овие емисии се совпаѓаат со воените успеси на Филип I, и царската пропаганда. Тој, во овој период, за да пристигне во Рим по континентален пат, поминува низ областите на Тракија и Горна Мезија. [114]

Во VIII година од локалната ера, односно 246-247год., има идентичен број на примероци, како во предходниот период, година кога императорот Филип I, добил забележителен успех на Дунав, против инвазијата на Карпите.[115] Во VIIII-та и X-та година локална ера (кога има и прекин во виминацискатa монетарница) не се регистрирани изданија на територијата на денешна Источна Македонија. Веќе, во наредната XI година (249/50г.), е забележан еден примерок, емитиран од императорот Трајан Декиј. Се смета дека оваа година, е најпродуктивна година во виминациската ковница. Во 250 година, императорот Трајан Декиј, ги потиснува варварите, со што не само Виминациум, туку и провинцијата Мезија, ја спасува од голема опасност. Како

[114] Бориħ -Брешковиħ Б., 1987,26,27
[115] Mattingly H., Sydenham A.E., Sutherland V.H.C., Litt D.,1962,xx

резултат на овие успеси, имаме поголема продукција, но и појава на нов број на варијанти, во однос на инскрипцијата во редовните изданија.[116]

Со најмногу примероци е застапена, XII-та година , односно 250-251 г., со изданијата на Трајан Декиј и членовите на неговото семејство (Етрускила и Хостилијан), и еднакаво учество на императорот Требонијан Гал (Таб.3,Граф.3).

Поголемата партиципација на виминацската монета во оваа временска секвенца, може да се поврзе со историските настани. Имено, периодот во 250-251г, е период на мир и реорганизација, обнова , во кој биле опфатени сите делови на Римската Империја, посебно провинциите во областа на Балканот. Како последица на овој мир (по победата на Готите во 250 г.), во XII година искована се голем број емисии, посебно вонредни типови, од Трајан Декиј и семејството, како израз на мир по воените успеси.[117] Од наредните четири години од виминациската локална ера (XIII, XIV, XV и XVI), нема регистрирани примероци на испитуваното подрачје.

Пред да се барат причините за присуството на виминациските изданија, односно нивната помала или поголема застапеност, односно интензитет, во одередена потесна временска секвенца, треба се наведе територијалниот опсег на нивното наоѓање на оваа територија. Од распоредот на наодите, се гледа дека се работи за две различни микрорегии, односно, територијалниот опсег, бележи минимална концетрација во средното сливно подрачје на Брегалничкиот регион (20,58%), поединечни наоди, ретко како дел од колективен нумизматички наод.[118] Се работи за емисии од II, IIII, V, VI, XII-та година, локална ера. Со иста процентуална застапеност е централно-источниот, односно регионот на Овче Поле (20,58%), со емисии од II, V, VI, XI, и XII година. Останатиот нумизматички материјал, кој вооедно е со најголема застапеност, е регистриран во северо-источниот дел на Источна Македонија (32,35%), односно Кумановскиот басен, изданија од IIII, V, VI, VIII, и XII виминациска година.[119] Процентуалната застапеност, од 32,35%, во северо-источниот дел, зборува дека,

---

[116] Орлов Г., 1958,281,283

[117] Орлов Г., Ibid,281;Душанић С., 1961,144

[118] Лок.Бандера-каструм од римско време и дел од населбенскиот коплекс на античкот град Баргала (В.Санев, ЗШНМ, I, 82; АКМ, II, 433, 434, НЗ на Завод - Музеј, Штип), Лок.Батулички пат, с.Црвулево (Сандева Г., Колективен нумизматички наод од с.Црвулево, Штипско, Македонски нумизматички гласник, Скопје,2000,49-55), атар на с.Кошево, Лок.Долни Чурлен.

[119] Лок.Градиште, с.Пелинце, локација Кумановски Бавчи, додека наодите за наодите од Овче Поле, немам археолошка информација. Според Керамитчиев, во атарот на с.Секулица, Кратово, со археолошките ископувања на Лок.Градиште понајдени се 17 бронзени монети од Комод до Јустинијан I, меѓу кои емисии на Виминациум и Филипопол, (Кеармитчиев А.,Зборник (1975-1978), Скопје,1978,158), кој при увид на нумизматичката збирка на Музеј на град Кратово, неможев да ги идентификувам.

Процентуалната застапеност, од 32,35%, во северо-источниот дел, зборува дека, циркулацијата на виминацискатa монета, на испитуваното подрачје , бележи поголем оптек во делот кој е во рамки на исти адмнистративни граници, односно, овој северо-источен дел припаѓа на провинцијата Горна Мезија, додека во двете микрорегии кој територијално се во исти рамки (Брегалнички регион), а во различни административни граници, односно Овче Поле (римска провинција Македонија) и среден тек на река Брегалница (римска провинција Тракија) постои иста фреквенција, што секако се должи на големиот територијален опсег на дистрибутивна моќ на оваа монетраница. Како што беше предходно споменато, редовно присуство на монетите од Виминациум, но во помал број се изданијата на Дакија. Во предметниот нумизматички материјал, има три примероци на провинцијата Дакија[120], од кој два се како составен дел од колективни нумизматички наоди[121].




Граф.4

| Дата | Виминациум | Дакија |
|---|---|---|
| 240-241 | 1 | |
| 242-243 | 2 | |
| 244-245 | 1 | |
| 247-248 | | 1 |
| Вкупно | 4 | 1 |

Таб.4




Граф.5

| Дата | Виминациум | Дакија |
|---|---|---|
| 242-243 | 2 | |
| 244-245 | 1 | |
| 246-247 | 2 | |
| 250-251 | | 1 |
| Вкупно | 5 | 1 |

Таб.5

[120]Примероците не влегуваат во процентуланата статистичка анализа на Виминациум, наведено предходно, но се ставени во каталошкиот преглед (поглавје Каталог )

[121] Примерок на Филип I , издание од 246/47 г., како составен дел на колективниот нумизматички наод (со мешовит состав) од лок.Говедарски Пат, с.Црвулево, и примерок на Требонијан Гал ,емисија од 250-251г, како составен дел на 5 примероци од Лок.Градиште,с.Пелинце.

Еден е примерокот на императорот Филип I, издание од 246/47 година на провинцијата Дакија, кој заедно со виминациската емисија на истиот император од 244/45 година (VI година локална ера) претставуваат составен дел од колективниот нумизматички наод од 87 примероци со мешовит состав од империјални регуларни изданија од 3. и 4.век, од Лок.Батулица, с.Црвулево.[122] Но, во содржинскиот состав на вимиинациските емисии пронајдени во средниот тек на река Брегалница, се регистрирани уште три поединечни наоди ( емисии на Гордијан III од II-та (240/41) и IIII-та (242/43) година локална ера, со место на наоѓање од иста локација, односно атар на с.Црвулево. кога (според местото на наоѓање), би го ставиле во една нумизматичка целина, се добива меѓусебна бројчена процентулна застапеност од 80% - Виминациум и 20% - Дакија (Граф.4 ,Таб.4). Скоро идентична слика на меѓусебна застапеност, со скоро иста процентуална застапеност може да се види и во монетарните емисии од лок.Градиште, с.Пелинце, каде монетарницата Виминациум (изданија од Гордијан III, 242/43 (IIII), Филип I, 244/45 (VI) и 246/47 (VIII) година локална ера) учествуваат со однос од 83,33%, наспроти монетарницата Дакија (издание на Требонијан Гал, 250/51 (V година локална ера), од 16,66%. (Граф.5 Таб.5).




Граф.6

[122] Лок.Батулица, се наоѓа во близина на Лок.Говедарски Пат, каде што е открина доцноантичка некропола.




Граф.7

Ако, сите емисии, ги набљудуваме во една рамка, се добива слика на застапеност од 91,89%, наспроти 8,10% (Граф.6,7). Вакви разлики во процентуална застапеност, е присутна (посебно во оставите), и во други наоѓалишта, кој се во состав на провинцијата Горна Мезија, но и во останатите провинции.

Ако, се следи админстративниот принцип, состојбата е следна. Во римската провинција Тракија, во чии рамки е средниот тек на река Брегалница, каде се концетрирани виминациските наоди, ако се направи споредба, со оние регии кој се територијално најблиску, може да се констатираат одредени разлики во однос на затапеноста на виминациската монета. Имено, според нумизматичките сознанија, во регионот на денешен Благоевград (Scaptopara), од римските провинциски ковања, од провинциските изданија на Горна Мезија, односно Виминациум, евидентиран е само еден поединечен примерок, издание на Филип I, од VII година.[123] ; Од регионот на Пазарџик, во регистрираниот нумизматички материјал кој припаѓа на провинциското монетоковање евидентирани се само четири примероци, и тоа еден како резултат на археолошко истражување (Огњаново), издание на Гордијан III, по еден примерок од Требонијан Гал и Волузијан, без археолошка позадина, и еден како дел од колективен нумизматички наод од провинциски монети од 2.и 3.век (Сестримо, Белово).[124]

Најблиска бројчена застапеност со подрачјето на среден тек на река Брегалница, бележи состојбата со подрачјето на Пауталија, каде како резултат на археолошки истражувања, евидентирани се вкупно 25 примероци ( Виминациум, од Гордијан III (I

[123] Andonova M., Filipova S., Paunov E., Numismatic collection of the regional historical Museum at Blagoevgrad (ancient Scapttopara) (Coins from the 5th Century BC to the 5th Century AD), CCCHBulg ,Sofia,2014,82

[124] Ignatova S., Filpova S., Tenchova A.,Prokopov I., Numismatic collection of the regional historical Museum at Pazardzhik (Coins from the 4nd Century BC to the 7nd Century AD), CCCHBulg ,Sofia-Pazardzhik, 2015,17,18,30

само еден примерок од монетарницата Дакија, издание на императорот Волусијан (V) година локална ера.[125]

Во одос на застапеноста, сосема е поинаква состојбата на нумизматичката слика на местата кој се во состав на провинцијата Горна Мезија. Најдобра илустрација, се серијата на остави, пронајдени на територијата на оваа римска провинција, каде по содржинскиот состав во меѓусебниот однос на виминциската и дакиската монета е констатирана иста ситуација. Така на територијата на денешна Р.Србија (административно, провинција Горна Мезија) оваа состојба е констатирана кај повеќе остави. Така, Mirnik во сумирањето на оставите во 3.век, на територијата на денешна Р.Србија има евидентирано осум остави со присуство на емисии од монетарницата Виминациум, во оние со двете монетарници, констатиран е ист однос: Брежане, Пожаревац - остава од 29 пр., од кој Виминациум (24), Дакија (2), останатите империјални емисии[126]; Сремска Митровица ( две остави) – Виминациум (128), Дакија (8), империјални ковници (9пр.)[127]; Виминациум (106), Дакија (10), империјални ковници (1)[128]; Односот на виминациската и дакиската монета, е илустриран и преку истражувањата на Бориħ- Брешковиħ, која споменува повеќе остави на оваа територија (јужно од Сава и Дунав), и наведува ист однос, оставата од Ќуприја, содржи Виминациум (73), Дакија (6), империјални изданија (2пр.)[129]; Оставата која потекнува од околината на Врање, која брои 22 примероци од кој 19- Виминациум и 3пр., на Дакија, и оставата од Бошњана, со бројчен однос од Виминациум (64), Дакија (2), и многу други.[130] Истата ситуација е констатирана и кај други автори (Gazdac )[131], а постои и мислење дека некој остави од Горна Мезија, содржат само примероци од Виминациум и Дакија, кој понекогаш се помешани со сребрени деноминации.[132] Врз основа на хронолошкото групирање на сите познати остави на наоди и споредбата на времето кога завршуваат, воочено е дека во 3.век во подунавските области се

---

125 Filipova S., Prokopov I., Paunov E., 2009, 48,50,52

126 Емисии на Гордијан III, Филип I, Трајан Декиј, Етрускила, Хостилијан, Требонијан Гал Волусијан, Mirnik A.I.,1981, 60 (No.156)

127 Емисии на Гордијан III, Филип I, Филип II, Трајан Декиј, Етрускила, Етруск, Хостилијан, Mirnik,Ibid, 1981,71, No.229

128 Емисии на Гордијан III, Филип I, Филип II, Трајан Декиј, Хостилијан, Требонијан Гал, Mirnik, Ibid, 1981,74, No.252

129 Boric-Breskovic, 1983,70,73;Gazdac C.,Monetary circulation in Dacia and the Middle and Lower Danube from Trajan to Constantine (AD 106-337), Cluj-Napoca,2010,175

130 Бориħ-Брешкоиħ Б., Две оставе бакарног римског новца Вимиациујума и Дакије, Зборник Народног Музеја, XIII-1, Београд 1988,89; Boric-Breskovic B., 1983, 73

131 Alföldy-Gazdac A., Gazdac C., 2002-2003 (2004), 253

132 Gazdac C.,2010,175

издвојуваат три периоди (1.-247г., 2.-252/253 и 3.-253/254г.). Сериите остави се поврзуваат со движењето на римската војска и концетрација на војничките трупи на Дунав.[133] Местото на наодот на оставите од средината на 3.век, укажува дека се наоѓаат во оквир на познатите патни траси Белград-Цариград и Белград-Солун, кој биле од големо воено-стратешко значење за провинцијата Горна Мезија.[134]

Отворањето на монетарницата во Дакија се доведува во врска со реорганизација на римските сили , и потребата на војската во Дакија, како и виминациската која кова за потребите на војската. Се претпоставува дека овие пари ги пренесувале разните воени единици, кој бие упатувани на фронтот за да помогнат во одбрана на границата.[135] Сепак како и во останатите провинции каде е присутна виминациската монета, последица и одраз на оваа циркулација на територијата на Источна Македонија, секако како што беше наведено, во еден дел е големиот територијален опсег на циркулирање, (кога се затвораат голем број на монетарници), како и местоположбата на самиот Виминациум, раскрсница на важни трговски и војнички патни траси, транзитниот карактер и на самото испитувано подрачје, поврзано со движење на воените единици. Поволната географска положба му овозможила поврзување со главните мезијски сообраќајници, а на устието на Млава со Дунав, се вкрстувале три пата со кои тој бил поврзан со источните, западните и јужните области на Римското Царство. Кон југ, се одвојувал пат кој водел кон Тракија и Македонија.[136] Во двете балкански провинции Дакија и Горна Мезија на латинскиот запад, бронзените монети во средината на 3.век, биле под влијание на источните провинции.[137]

---

[133] Mirnik I, 1981,59;Borič-Breškovič B.,1983, 69,72
[134] Борић- Брешковић Б.,1988,92
[135] Борић- Брешковић Б.,1986,170
[136] Зотовић Љ., Јордовић Ч.,1990,1
[137] Kos P.,1992,213

## III.1. Типологија

Типологијата на виминациската монета, во тек на нејзиното ковничко емитување од шеснаесет години (239/40-254/55г.), застапена е со преку двесте варијанти на типологии. Типолошките варијанти се врз основа на легендата (одвојување на буквите и нивен облик), во иконографските претстави на аверс и реверс (портрет на императорот, разлики во положба на детали од иконографијата на реверс). Секоја година се коват повеке типови кај различни императори.[138] Аверсната иконографија се состои со претстава на империјална биста (гологлава или со ловоров венец) со оклоп и палудаментум, и легенда со латинко писмо. Реверсната инскрипција кај сите изданија е иста P(rovncia) M (oesia) S (uperior) C(olonia) VIM (inacium), а во отсечокот е наведена локалната ера, секогаш означена со an(no) и римските броеви од I до XVI.[139] Станува збор за посебна локална ера, која не се усогласувала со римската регуларна година.[140] Основна иконографска претстава е стоечка женска фигура, со глава секогаш свртена на лево, многу ретко претставена фронтално. Нејзината облека од I до III година се состои исклучиво само од долг фустан, кој одговара на грчкиот хитон, а од IIII година од локалната ера е додадена и наметка, химатион. Многу ретко на главата персонификацијата има круна во облик на градски бедем (corona muralis).[141] Постојат неколку мислења околу толкувањето на персонификацијата на женскиот лик, односно дали таа ја претставува провинцијата Мезија или градот Виминациум.[142] Од нејзината десна страна (покрај десната нога) има претстава на лав – симбол на Legio IIII Flavia со војнички гарнизон сместен во Singidunum (Белград), а од лева, бик - кој ја симболизира Legio VII Claudia, сместена во самиот Виминациум.[143]

Овој основен тип е детерминиран како Тип А[144], и претставува редовен тип, но освен него има и емисии на вонредни изданија, кој се јавуваат во IIII[145], V, VI, XI, XII, XIII и XIV година на локалната ера[146]. Вонредните емисии се со поинакви претстави, кога

---

[138] Орлов Г., 1958,281,282

[139] Борић –Брешквић Б.,1986, 123;Kos P.,1992,211,212; Pick B.,1898,23

[140] Борић –Брешковић Б.,Ibid, 123

[141] Борић –Брешковић Б.,1986, 126

[142] Така според Душанич тоа е колонијата ( Душанић С.,1961,141), според Елмер, ја претсавува провинцијата Мезија, а истото мислење го дели и Борић-Брешковић (Борић-Брешковић Б., 1986,130)

[143] Dusanić S.,1976,53

[144] Pick B., Die Antiken Munzen Nord Griechenlan, Band I, Dacien und Moesien, Berlin,1898,26

[145] Душанич дава детален опис на вонредите емисии од IIII година на виминациската локална ера (Dusanić S.,1961,145-147)

[146] Борић –Брешквић,1986, 128

основниот тип на персонификација е дополнет со различни атрибути, според кој се поделени во три групи: I – тип со вексилум (со подтиповите A1,B,C); II – тип со Викторија (со подтиповите A1,B,C,D); III – тип со Пакс (според атрибутите на Пакс поделена на подтиповите А,А1,А2а,А2б,В,Б1,Б2,Б3,С,Ц1,Ц2,Д1,Д2)[147].

Типолошкиот преглед на монетните примероци евидентирани на подрачјето на денешна Источна Македонија, покажа дека реверсната типологија кај сите примероци припаѓа на основниот реверс, тип А, без присуство на вонредни изданија.

Наспроти виминациската , на дакиската монета во тек на целото ковање се појавува една основна претстава на реверс со пет типа.[148] Оваа монетарница ги почитува стандардите на империјалните изданија, така на аверсот е портрет на императорот, или членови од неговата фамилија, со легенда со латинско писмо, во согласност на официјалната формула. На реверс секогаш е легендата PROVINCIA DACIA. Во отсечокот е годината на ковање, од AN I - XI . Претставена е персонификација на провинцијата Дакија,во стоечка или седечка положба, помеѓу два симбола, легии од провинцијата: орел со венец во својот клун и лав. Женската фигура може да носи два стандарди со инскрипцијата V (легија 5-та Macedonica, од Potaissa, денешна Турда) и XIII (легија 13-та Gemina, од Apulum, денешна Алба Јулиа, Романија); дакискиот меч, или маслиново гранче, и стандард со инскрипцијата DF (Dacia Felix).[149] Дакиските примероци, кој се пронајдени на територијата на денешна Источна Македонија, припаѓаат на типовите А -стоечка женска фигура (персонификација на Дакија), во една рака држи маслинова гранка, во друга знак во чие поле стои DF (Dacia Felix),помеѓу орел ( во клун венец ) од десна и лав од лева страна, емитирана за време на Филип I (II година, 246 -247), тип Д - стоечка женска фигура (персонификација на Дакија), во една рака држи краток меч, во другата жезол помеѓу орел ( во клун венец ) од десна и лав од лева страна, емитирана за време на Требонијан Гал (V година), и тип Е- стоечка женска фигура (персонификација на Дакија),со раширени раце, во секоја рака држи знак, помеѓу орел ( во клун венец ) од десна и лав од лева страна, емитирана за време на императорот Валеријан (X година, 255-256г.).

Појавата на војничките типови, бил еден од показателите за промена во намената на градските пари, особина по која виминациската монета се разликува од останатие слични ковници со иста задача. Во типологијата на примероците на Виминациум,

---

[147] Детална иконографска анализа во Борић –Брешквић Б.,Ibid,126-155
[148] Pick опишува пет типови на реверс формулирани од А-Е (Pick B, 1898,5,23)
[149] Alföldy A.-Gazdac C.,2002-2003(2004), 247

односно во самата иконографија има промени, со повремена употреба некој типови, за разлика од провинциските пари на Дакија, каде војничката симболика е постојанао присутна, и е во склад со ситуацијата и положбата  во системот на одбрана на царството, бидејки дачкиот лимес, како главен гарант на Pax Romana, имал друга улога. Сериите на редовните емисии во Виминациум, претставува израз на поинакви околности, повремените вонредни емисии ги следат позначајните воени активности, во прв ред низ военото учество на делови од единиците стационирани на територијата на провинцијата. Основната разлика на ковањето на Виминациум и балканските монетарници кој имале слична улога (како долномезиските со нагласена војничка симболика), потекнува од околностите, односно од традицијата во ковање кој ја имале тие, а несомнео оставило трага во градското ковање и доминација на грчкиот дух низ римските теми.[150]

[150] Борић –Брешковић Б.,1986,170,171

## IV. Циркулација на пари продуцирани од Римската провинција Тракија

### V.1 Нумизматичка циркулација врз основа на монетарници

Во римската провинција Тракија во периодот од 1в. - прва половина на 3. век активни се 19 монетарници, отворени во градови кој најголем дел се формирани во време на императорот Трајан, во рамки на неговата урбанизирана политика.

Abdera[151] (Тибериј-Антонин Пиј)
Apolonia (Марк Аврелиј – Септимиј Север)
Augusta Trajana (Марк Аврелиј-Галиен)
Anchialus (Антонин Пиј-Гордијан III)
Byzantium (Домитијан – Галиен)
Bizya (Хадријан –Филип I)
Deultum (Трајан –Филип I)
Hadrianopolis (Хадријан – Гордијан III)
Maroineia (Хадријан –Филип I)
Mesembria (Хадријан – Филип I)
Nicopolis ad Istrum[152] (Антонин Пиј – Гордијан III)
Nikopolis ad Nestum[153] (Комод – Каракала)
Odessus (Домитијан – Гордијан III)
Pautalia (Антонин Пиј- Елегабал)
Philippopolis (Домитијан – Елегабал)
Perinthus (Клавдиј –Галиен)
Plotinopolis (Антонин Пиј – Каракала)
Serdica (Марк Аврелиј- Галиен)
Topirus (Антонин Пиј – Гета)

активни најдоцна до шеста дециниja на 3.век.[154] Монетните примероци од предметниот нумизматички материјал од римската провинција Тракија, бележат

[151] Kos P., 1998, 365;Според Туразоглу,монетраницата е затворена за време на Септимиј Север (Touratosoglou P.I.,2006, 152)
[152] Основан од Трајан , кој до време на владеење на Септимиј Север се наоѓа на територијата на римската провинција Тракија, а после тоа е во рамки на провинцијата Долна Мезија (Moesia Inferior) (Kos P, 1998,), Туразоглу, го става во групата на монетарници во римската провинција Долна Мезија (Touraosoglou P.I., Ibid, 152)
[153] Кос ја нема наведено монетарницата во групата на тракиски монетраници (Kos P,Ibid,365) , за разлика од други автори (Touraosoglou P.I., Ibid, 152, Filipova S., Prokopov I., Paunov E., Sofia 2009,58

присутво на четири монетарници (Таб.6): Монетарницата *Пауталија*, отворена е во градот Ulpia Pautalia, основан од императорот Трајан (98-117) (денешен Ќустендил, Бугарија), во 139г., во време на императорот Антонин Пиј (138-161), а престанува со емитување во 217г., при крај на владеењето на Елегабал; *Филипопол* (Philippopolis) е монетарница во истоимениот град (денешен Пловдив, Бугарија), со време траење на ковничко емитување од периодот на Домицијан (81-96) до Елегабал (218-222); Монетарницата *Хадријанопол* отворена за време на Хадријан (117-138), во истоимениот град, кој е основан во исто време (денешно Едрене, Турција), а е затворена во време на Гордијан III (238-244г). Крајот на 2. и почетокот на 3.век, во оваа монетарница ковани се бронзени пари на сојузот на градовите Хадријанопол и Никопол (Nicopolis ad Istrum), а во време а владетелите Комод, Септимиј Север и Гордијан III, се коват бронзени псевдоавтономни пари со пониска вредност; Монетарницата во римската колонија Делтум ( основан од Веспазијан, 69-79, денес во близина на с.Дебелт, кај денешен Бургас, Бугарија), добива право на ковање за време на римскиот император Трајан (98-117), а престанува со емитување во време на Филип I (244-249).[155]

| Дата | Монетарници | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Pautalia | Philippopolis | Hadrijanopolis | Deultum | ? | |
| 138-161 | 5 | | | | | 5 |
| 161-192 | 34 | 1 | | | 26 | 61 |
| 193-217 | 12 | | | | | 12 |
| 218-222 | | 1 | 1 | | | 2 |
| 235-238 | | | | 1 | | 1 |
| 238-244 | | | 1 | | | 1 |
| Вкупно | 51 | 2 | 2 | 1 | 26 | 82 |

Таб.6

Од степенот на партиципација (Таб.6), се гледа дека најголемо учество има монетарницата Пауталија (вкупно 51 примерок, од 56 пр. со идентификувана

[154] Touratsoglou P.I., 2006,152

[155] Kos P.,1998,87,132,276,287;

монетарница, или 91,07%), со континуирана застапеност на изданија, почнувајки од периодот на самото нејзино отворање (139г), се до последните изданија на Елегабал, 217г., кога и престанува со ковничка продукција. Најголема дистрибутивна моќ има во временскиот период на ковничко емитување од 161-192г., за време на владеење на династијата Антонини (138 -192). Во истиот овој период евидентирани се уште 24 примероци на Фаустина, за кој постои голема веројаност дека припаѓаат на истата монетарница. Најголемата партиципација на Пауталија, за разлика од останатите, тре-




Граф.8

ба да се бара, првенствено од патната комуникација и територијалната блискост меѓу двете подрачја.

Ако се тргне од фактот дека географската археолошка евиденција на пронајдените наоди е во средниот и горен тек на Брегалница, и во најголем дел во југоисточниот дел на територијата на денешна Источна Македонија, во однос на дистрибуцијата на емисии од оваа монетарница, првенствено може да се наведе местоположбата на Пауталија, односно басенот на реката Струма во чија долина е лоцирана, е затворена со четири планински масиви од кој еден, односно од југ се падините на планината Осогово, воошто областа на Рила – Родопи, во западниот дел ги вклучува Осогово и Беласица (каде е и Средна Струма).[156] Освен ова секако е влегува и истата истата административната припадност и патната комуникација на двете подрачја. Во склоп на

[156] Paunov I.E.,2013,10,11 ;Filipova S.,Prokopov I., Paunov E., 2009, 9

природната крстосница е така формирана, што врската запад-исток е во насока на патот Стоби-Скупи-Пауталија-Филипополис.[157]

Дијагоналниот пат Хераклеа – Пауталија, кој премостувајки ја реката Вардар, се упатувал по најкуса линија кон Астибо (Штип), и се спуштал до устието на Лакавица до Брегалница.[158] Со сообраќајната врска која поминувала низ Малеш, постои поврзување на населбите на долината на Струма и Горна Брегалница. Во време на владеењето на Трајан (98-117), Пауталија, заедно со Сердика, Филипопол, Августа Трајана, и Анхилај имале статус на град насловени како Ulpia, а во 2.век е економски, политички, и културен центар во југо – западна Тракија.[159] Од содржинскиот состав, се гледа дека останатите монетарници учествуваат со помал број на изданија. Монетарницата во Филипопол, е застапена само со два примероци, за време на римските императори Комод (177-192) и Елегабал (218-222). Филипопол за време на римското владеење бил административен центар на провинцијата Тракија, расположен на главниот пат од Ќустендил за запад и за Дунавската граница, и важен трговски центар. Тој е прв град во внатрешноста на Тракија, кој започнува да кова монети, со монетарница од висок ранг, каде по владеењето на Антонин Пиј се коват многубројни различни типови, со богата монетарна продукција во период од 135 години.[160] Филипопол од крајот на 1.век бил седиште на провинсикото собрание, во унијата на Тракија, а за време на Северите, градот добива двапати царска неокориа, прво за време на Елегабал во 221г., а втората за време на Александар Север.[161] Монетарницата во градот Хадријанопол, партиципра со по еден примерок од императорите Елегабал и Гордијан III. Овие две монетарници имат иста застапеноство периодот на ковничко емитување од 218-222г. Од колонијата Делтум, единствен регистриран монетен наод е емитиран од императорот Максимин (235-238).

---

[157] Filipova S.,Prokopov I., Paunov E., 2009,8
[158] Лилчиќ В., 1994, 114
[159] Filipova S.,Prokopov I., Paunov E., 2009,10,11
[160] Колев К., Богатставата на Пловдивското поле и река Марица, отразени върху антична монета от Филипопол, Годишник на Народни а археологчески М зеи Пловдив, кн.VI,Плодив 1968,112-113
[161] Paunov I.E., 2013, 37

## IV.2. Нумизматичка циркулација според години на емитување

Циркулацијата на тракиските монети на територијата на денешна Источна Македонија, во неколку временски интервали на ковничко емитување бележи еден постојан интензитет, кој започнува да се следи во временскиот распон од 138-161г., со вредност на коригирина фреквенција од 0,21, време кога во поголем дел од монетраниците во Тракија започнува провинциското монетно продуцирање. Сите примероци (емисии на Антонин Пиј) се дистрибуирани од монетарницата Пауталија. Драстичен скок во монетниот оптек, а истовремено највисока вредност на коригирана фреквенција од 1,96 (до 238-244г.), има во следниот период од 161-192г. Распоредот на изданијата во оваа вренска рамка, според местото на наоѓање е регистриран вдолж средниот тек на река Брегалница[162], и југо – источниот дел, каде е констатирана поголема концетрација [163]. Од територијата на Брегалница, од подрачјето на Овче Поле, евидентиран е само еден примерок.

| Година | Фреквенција | Големина на временски период | Коригирана фреквенција | Кумулативна низа |
|---|---|---|---|---|
| 138-161 | 5 | 23 | 0,21 | 5 |
| 161-192 | 61 | 31 | 1,96 | 66 |
| 193-217 | 12 | 24 | 0,5 | 78 |
| 218-222 | 2 | 4 | 0,5 | 80 |
| 235-238 | 1 | 3 | 0,33 | 81 |
| 238-244 | 1 | 6 | 0,16 | 82 |

Таб.7

[162]Во атарот на с.Горачино и локалитет Коколов Рид (сите емисии на Фаустина)

[163] Монетите претставуваат дел од колективен нумизматички наод од 87 провинциски монети, пронајдени на лок.Гањов Дол,с.Конче (Радовиш), и примероци откриени на Лок.Врчва,с.Дамјан.




Граф.9

Овој зголемен доток на пари, најмногу може да се поврзе со општата зголемена локална продукција, многу слична и во другите делови кој припаѓаат на Римската провинција Тракија, а се територијално најблиску до испитуваното подрачје.

Иако примероците, според местото на наоѓање имат различна административна припадост, сепак тие се територијално многу блиску, со многу добра развиена патна комуникација. Во следните два периоди, 193 -217, и 218 – 222г., (емисии на владетели од династијата на Севери) постои иста коригирана фреквенција (0,55), нормален оптек, за да во следнатите две временски секвенци почнува да опаѓа, односно во периодот 235-238г. вредност од 0,33 и 238 -244г., коригирана фреквенција од 0,16. Овој пад на циркулацијата, паѓа во период на бурни воено – историски случувања, порзан со наездата на Готите, но ова е и период кога локалните бронзи дистрибуирани од тракиските монетарници чиј терторијален опсег е следен од принципот на подрачја кој се најблиску до изворот на монетарна продукција и дисперзија , веке имаат прекин во нивната активност. Од учество на владетели (Таб.8), постои континуиран редослед, емисиите на Фаустина II (70,73%), (сопруга на Марк Аврелиј), бележи најголема застапеност, за разлика од другите влдетели и членови на нивните семејства од династијата на Антонините, забележана , не само овде, туку и во други локации

(надвор од рамките на денешна Источна Македонија), емитирана од неколку тракиски монетарници, но најмногу од Пауталија.[164]

| Император | Број на примероци | % |
|---|---|---|
| Antoninus Pius (138-161) | 5 | 6,09 |
| Marcus Aurelius (161-180) Faustina II (161-175) | 2 | 2,43 |
| | 58 | 70,73 |
| Commodus (177-192) | 1 | 1,21 |
| Septimius Severus (193-211) Julia Domna (193-211) | 2 | 2,43 |
| | 2 | 2,43 |
| Caracalla (196-217) | 4 | 4,87 |
| Geta (209-212) | 4 | 4,87 |
| Elegabalus (218-222) | 2 | 2,43 |
| Maximinus I (235-238) | 1 | 1,21 |
| Gordianus III (238-244) | 1 | 1,21 |

Таб.8

Останатите владетелски имиња учествуваат во приближно слични процентуални рамки на своите ведности. Во однос на археолошката припадност на пронајдените примероци и карактерот на местото на наоѓање, територијалниот опсег на нивното наоѓање, се карактеризира со концетрација во населби и затворени гробни целини.

[164] Filipova s.,Prokopov I., Paunov E., Sofia,2009,60-64,78 ;Andonova M.,Filipova S.,Punov E., Prokopov I., Sofia, 2014,86; Ignatova S.,Filipova S.,Tenchova A.,Prokopov I., Sofia-Pazardzik, 2015,11

## IV.3. Типологија

Типолошката идентификација на реверсната иконографија на тракиските монети од предметниот нумизматички материјал, бележи застапеност на повеќе типа, преку чија анализа можат да се видат влијанијата и симболиката, проследени конкретно преку владетелските емисии, емитирани во одредена временска секвенца. Според бројноста на нивната застапеност, следствено евидентирани се иконографските типови:

-Тип Деметра ( во две варијанти, во седечка и стоечка положба, претставена со дел од нејзините атрибути, класје, рогот на изобилие и долгото копје)

- Тип Тихе, преку кое се гледа синкретистичката нота (кормило и рог на изобилие, како атрибут на Тихе/Фортуна; Тиха со атрибут на Рома (патера и скиптар), кое влијание , воопшто е карактеристично за римското провинциско монетоковање во повеке тракиски градови, и датира од порано.[165] Емисиите со овој реверсен тип припаѓаат на монетарницата Пауталија, за време на целото нејзино постоење, за време на владетелите Антонин Пиј, Марк Аврелиј, Фаустина II, Септимиј Север, Гета и Каракала.

-Тип Хигија (со змија и патера)

-Тип Хера (со патера и долг скиптар)

-Тип Атена (во две варијанти, со буф потпрена на копје, и со Нике, потпрена на штит)

-Тип Дионис (во две варијанти, со атрибутите тирс и кантарос)

Скоро иста процентуална застапеност имаат и останатите типови, божествата, Аполон, Асклепиј, Зевс, претставени со нивните атрибути. Локалното влијание (со географска конотација) го карактеризира иконографскиот тип со персонифицирана претстава (полулегнато божество) на реката Струма (Strymon), придружена со приказ на Тихе (како градска божица, локализација на градот).[166] Локалната симболика, се гледа и преку типот, персонификација на град – божество, каде женската претстава е со corona muralis (симбол на градската божица). Во типологијата, како потенцирање на локалното, е потенцирано преку даден акцент на лозарството, како земјоделска гранка во Тракија, кое било многу развиено, споменато уште во делата на античките автори ( Хомер, Платон, Плиниј, Тит Ливиј). Почитувањето на Дионис, освен на тракиските

---

[165]Howgwgego C., Heuchert V., Burnett A., 2005, 110,111

[166]Како аналоген пример и иста симболика е типот емитиран од монетарницата Стоби, со претстава на реките Вардар (Axios) и Црна(Erigon), со приказ на Тихе, како локализирање на самиот град (Бориќ-Брешковиќ Б,1992,42)

монети (уште кај тракиските цареви), е посведочено и преку многутте релјефни пртстави на ова божество, а на некој монетни примероци, евидетирана е ѝ претстава на храм посветен на Диониз.[167] Земните богатства на Тракија, е изразена преку атрибутите на одредени божества, кој се покровители на плодноста, како што е е житното класје, рогот на изобилието и факелот, иницирани преку претставите на монетите, особено кај изданијата на монетарниците Пауталија и Филипопол, алудирајки на богатото житно производство во областите на долините на реките Струма и Марица, на крајот на 2. и почетокот на 3.век., а постоело и обожување на населението на божеството Зевс, кој освен како врховен бог, бил почитуван и како закрилник на земјоделието, кој ги штити сеидбите од природни стихии и праќа дождови.[168] Присутни се и животниски претстави, како дел од атрибутите на главните божества (Зевс-орел, Диониз – пантер, Змија (дадена во неколку варијанати). Сите застапени типови претставуваат дел од стандарданата типологија во ковањето на градовите од провинцијата Тракија. Поголем акцент е даден на царскиот култ, отколку на локалните теми, како зачувување на локалната традиција. Ова ковање немало само симболичка функција, туку претставувало и политички медиум и инструмент. Атрибутите како кормило, рогот на изобилие, патера и скиптар, како пропагандни средства, кои припаѓаат на политичката сфера и имаат повеќе римска ориентација[169], повеќе како лојалност кон Рим, благодарност кон императорите, но преку локалните теми, потенцирање на постоењето на градот.[170] Аверсната и реверсна инскрипција е со грчко писмо, единствено кај монетарницата од римската колонија Делтум, легендите се латински.

[167] Колев К., 1968, 99-100
[168] Колев К., Ибид, 101,105
[169]Борић- Брешковић Б,1992,42
[170]Howgego C.,Heuchert V., Burnett A.,2005,113

## V. Номинали

Во римското провинциско монетоковање застапено е бронзеното ковање, кое кај повеќе источни провинции е од локална продукција. Главните деноминации на римските монети, кој биле вообичаени во првите два века се *сестертиј* и неговите фракции, *дупондиј* (половина сестертиј), и *ас* (кован од бакар, ¼ сестертиј). Останатите се фракциите на *ас*: семис (1/2 ас) и квадранс (1/4 ас), кои биле продуцирани во мал број.[171] Деноминациите на бронзеното ковништво во време на Принципатот, Cohen ги објаснува како GB (голема бронза), MB (средна бронза), PB (мала бронза) и PBQ (мала бронза - квинариус) .[172] Во исто време Елмер (во 1930г.), во познатиот систем, MB и PB ги идентификувал со мајорина и центетионал, а PBQ со четвртина мајорина.[173]

Во 3.век кај провинциските бронзи постои разновидна вредност, односно индивидуалните градови биле слободни да изберат што монети да продуцират и кога.[174] На исток, монетарниците на градовите продуцирале голем број на *асарии*, со што ја одржувале својата куповна мок (235г.). Асарионот е грчки пандан на римскиот *ас*, иако не изгледале исто. На почетокот на 3.век биле впечатливи деноминациите со паралелизам на "римскиот стил", односно половина, 1-, 2-, и 4 *асариа* еквивалентни на семис, ас, дупондиј и сестертиј.[175] Во 2.век, обемот на ниските деноминации бил зголемен, најверојатно поради недостигот на ситни пари, заради кој имало проблеми во поранио период. Оваа бројка опстојувала за време на Антонините, но системот станал посложен по воведувањето на уште две деноминации (како 2асарија), покрај вонредните проблеми кој постоеле кај сребрените изданија. Еволуцијата на системот помеѓу крајот на 2. и почетокот на 3.век, подразбирало крај на производството на малите фракции и пад на ковањето на еден асарион. Оваа промена била поради инфлацијата која создала помали деноминации, но и принудување на монетарниците за зголемување на бројот на средните и големи деноминации на снабдување, со цел да се подигне вистинската куповна моќ на локалната бронзена валута. Во тековниот 3.век, постоело двојно зголемување на моменталната деноминација со претворање на 2 и

---

[171] Metcalf E.W., Greek and Roman coinage, Oxford, 2005, 406

[172] H. Cohen,Description historiqve de monnaies frappèes sous l'empire Romain ,2ed.,Tome I,Graz 1955,xxvii

[173] Подоцна во доцната империја има паралелизам на овие деноминации, нотирани како A/1,A/2,A/3,A/4 подредени по нивните димензии (Grierson Ph., Mays M.,Catalogue of late Roman coins in the Dubarton oaks collection and the write more collection from Arcadis and Honorius tto the accession of Anastasius, Washington 1992,39)

[174] Metcalf E.W.,2005, 464

[175] Metcalf E.W.,2005,460,461

4асарија (во употреба од Септимиј Север до Валеријан и Галиен), во 4 и 8 асарија. Во провинциските монетарници на пари во "грчкиот свет", системот на поделба на римски единици понекогаш биле и ирегуларни како 1и ½, 3 или 6 асариа.[176] Номиналните вредности на монетите од монетарницата *Виминациум (Горна Мезија)* и *Дакија* се исковани според официјалниот деноминационален систем: сестертиј, дупондиј и ас, ковани во бакар и бакарни легури.[177] Ковањето на провинцијата Дакија, е директно поврзано со царската монетарна политика, а деноминациите на ова ковање ја следат истата шема, како онаа од римската монетарница, како што се помалите деноминации, дупондиј и ас.[178] По владеењето на на римскиот император Трајан Декиј, овие две монетарници, имат само изданија на сестертии.[179] Врз основа на каталошките податоци на примероците од монетарницата Виминациум пронајдени на територијата на денешна Источна Македонија, според нивните метрички вредности, сите припаѓаат на номиналот сестертиј, додека малкутте емисии од Дакија, се дупондиуми. Во тракиските монетарници, ковани се номинали со основна единица на еден ас (со просечна тежина од 2-3гр.). Од римската провинција *Тракија*, во монетарниците (застапени во нумизматичкиот материјал), Пауталија, Филипопол и Хадријанопол, во зависност од нивната тежина, ковани се во пет номинални вредности (1-,2-,3-,4-,5 аса). Римската колонија Делтум, ја користи римската валута, во две деноминации (1 и 3 аса).[180] Од монетарницата *Пауталија*, според метричките вредности присутни се номинали од 2 и 3аса (изданија емитирани од Антонин Пиј (2аса -2пр, 3аса-3пр.), номинал од 2аса кај сите емисии на Фаустина, 2 сестертии (2пр.), изданија на Марк Аврелиј, сестертиј (2пр.) номинали на Септимиј Север, по еден сестертиј и ас (2) од Јулија Домна, сестертиј (1пр.) и 2аса (3пр.) емитирани од императорот Гета, и сестертиум (2пр.) и 2аса (2пр.), изданија на Каракала. Од монетарницата *Хадријанопол*, застапени се сестертиј (1пр., емисија на Елегабал) и 2аса ( 1пр. на Гордијан III), додека изданијата на Филипопол се номинали на ас (1. и 2.), емитирани од императорите Комод и Елегабал. Единствениот примерок од монетарницата Делтум, е со номинална вредност на 3аса. Евидентно е дека кај изданијата (кој се предмет на истражување), чии номинални вредности 5аса (а кои како најголема вредност одговараат на

[176] Calomino D., Actia Nicopolis.Coinage,currency and civic identity (27BC-AD268), The City and the Coin in the Ancient and Early Medieval Worlds, BAR Internacional Series,Oxford 2012,109
[177] Alfoldy-Gazdac A.,Gazdac C., 2002-2003(2004),247;Pick B.,1898,29;Бори ћ-Брешковић Б.,1986,123
[178] Alfoldy-Gazdac A.,Gazdac C., 2002-2003(2004),248
[179] Gazdac C.,2010,182
[180] Kos P.,1998,87,132,276,287; Metcalf E.W., 2005, 464

сестертиумите), според типологијта припаѓаат на типот Тихе и типот со иконографска претстава на змија на олтар.

Во групата на монети од римската провинција *Македонија,* номиналните вредности на изданијата на Македонскот Коинон, Геблер, според големината ги има поделено во две групи (реверсен тип и дијаметарот од 30мм, и емисиите од 24мм, која може да варира од 22-24мм), така што од каталошкиот преглед на целокупниот нумизматички материјал кој припаѓа на ковањето на Коинонот, а бележи и најголема застапеност, и одговараат на номиналот асариа со 2. и 3. апоени. Од монетарницата во Стоби, според метричките вредности присутни се номинали со вредност од 2.,3., и 4. асарија.

Во монетарницата Тесалоника до 41г., ковани се монети од ½, 1 и 2 асарии, од 41-249 од 1,2 и 4 асарии, а до 249-260 г. примероци со најголеми вредности од 4 и 6 асарии.[181] Со реформите на царската валута во 270г., немало дополнително место за провинциската бронза.

[181] Kos P.,1998,349

## VI. Метрологија

Стандардниот тежински систем на Римската Империја во однос на бронзените номинали во Флавиевскскиот период, поточно од втора половина на 1.век, го опфаќа следниот тежински систем: од орихалкум (бакар и цинк), кован е сестертиј кој изнесувал 1/12 од римска фунта, со просечна тежина од 27,28гр., која тежина од 217г., почнува да се намалува, за да во време на владеењето на императорот Филип I (244-249), тежината се намали на 10,23гр., и изнесува 1/16 римска фунта. Ковањето на сестертиумот е прекинато во 260г., во време на императорот Галиен; Дупондиј е вториот номинал кој изнесувал 1/24 римска фунта, и тежина од 13,64гр., која ја одржува до 217г., кога е редуцирана на 11,69 гр., за да во исто време со сестертиумот прекинува со ковање.[182]

Номиналот *ас* е кован во бакар, и во периодот од 1.-2.век, имал најголема улога во секојдневниот живот, и најголемо учество во монетарниот оптек.[183]

Ковани се монети во пет номинални вредности, во зависност од нивната тежина. Филипопол (1ас =2,3-3,5гр., 2ас = 4-7гр., 3ас:=6-10гр., 4ас=10-13гр., 5ас:13-16гр.); Хадријанопол (еднострука вредност: 2,7-3,5гр., двострука: 4,7-5,9гр., трострука: 6,8-7,3гр., четворострука: 9,8-14,5гр. и петострука (кована само за Гордијан III од 14,7гр.); Во монетарницата Делтум, ковани се монети во две номинални вредности, и тоа, номинал од 1ас, со тежина од 3-4гр., и од 3 аса од 6,2-7,8гр.[184] За време на наследниците на Октавијан Август, за чие време примероците се сведуваат на деноминациите, сестертиите и дупондиите, ковани се во малку поголема тежина, а производствената база на металното ковање, особено во тек на цел 1.век, било спорадично и ирегуларно, особено во подалечнитеи погранични провинции, како што биле Британија и Мезија, а во случајот на последната поради нејзината воена природа, постоела голема циркулација на бакарниот ас.[185]

Во однос на метричките податоци, меѓусебната споредба на тежината на истите типови емитирани од ист владетел и иста монетарница во предметниот нумизматички материјал покажуваат мали тежински разлики. Се забележува дека кај примероците од римските провинции Македонија и Горна Мезија нема отстапувања, и се движат во

[182] Zmajić B., Pregled novčanih kovova rimskog carstva, Bilten Hrvatskog numizmatičkog društva, br.12, god.V,Zagreb 1967,7,9
[183] Kos P.,1998,40
[184] Kos P.,1998,87,132,276,287
[185] Paunov E., 2013,317

рамки на стандарните вредности. Постои констатација дека кај емисиите на виминацискaта монетарница, од првата до петата година се забележува зголемување на тежината. Дупондиумите биле исклучиво ковани во орихалкум, а биле полесни поради поголемата вредност на легурата.[186] Кај примероците на Македонскиот Коинон од 1.век со претстава на македонскиот штит, дијметарот е со просечна вредност од 25мм, и тежина од 9,4-9,6гр.; реверсниот тип на крилестата молња, карактеристичен за емисиите на 2.век, е со варијации од 23-26мм, и тежина од 6,2-12,4гр. Во изданијата на Коинонот од 3.век, типовите кај кој се констатирани највисоки метрички вредности, се типовите емитирани за време на императорот Гордијан III, односно, коњаник (под нозе звезда), храм, и маса со две круни со палми. Единствено поголеми разлики, односно поголеми отстапувања во тежината се евидентирани само кај оние примероци од тракиското монетоковање, кој имаат изгубено од вообичаената тежина поради состојбата на опожарување, со намалена тежинска вредност, наместо вообичаената од ист тип.

[186] Душанић С, 1961,149-150

## VII.Анализа и интерпретација

***(циркулација на пари на римско провинциско монетоковање на просторот на Источна Македонија)***

Врз основа на нумизматичките податоци (хронолошка и типолошка идентификација), за добивање на попрегледна и објективна слика на застапеноста на емисиите на римското провинциско монетоковање, и степенот на циркулација на територијата на денешна Источна Македонија, направени се неколку анализи. Испитувањето е врз основа на годините на емитување, кој воедно го два развојниот тек во хронолошката рамка од првите три века.

Анализата на партиципација и застапеност на монетарници (Таб.9,Граф.10), според сукцесивната хронологија на емитување, во периодот од 41-68г., покажува присуство само на монетарниците Бероја и Филипи од римската провинција Македонија. Идентична е состојбата и во периодот од 98 - 117г., издание на монетарницата Стоби, од истоимената провиниција. Ова е време кога монетарниците во провинцијата Тракија, во голем дел , сеуште не се започнати со својата монетарна продукција, од нив

| Монетарница | Фреквенција | | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 41-68 | 98-117 | 138-161 | 161-192 | 193-217 | 218-222 | 231-235 | 235-238 | 238-244 | 244-247 | 249-251 | ? | |
| Philippi | 2 | | | | | | | | | | | | 2 |
| Beroia | 6 | | 20 | 5 | | | 13 | | 25 | | | | 69 |
| Thessalonica | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 2 |
| Amphipolis | | | | | 1 | | | | | | | | 1 |
| Stobi | | 1 | | 4 | 1 | 2 | | | | | | | 8 |
| Edessa | | | | | | | | | 1 | | | | 1 |
| Pautalia | | | 5 | 34 | 12 | | | | | | | | 51 |
| Phipoppolis | | | | 1 | | 1 | | | | | | | 2 |
| Hadrianop. | | | | | | 1 | | | 1 | | | | 2 |
| Deultum | | | | | | | | 1 | | | | | 1 |
| Viminacium | | | | | | | | | 14 | 9 | 9 | 2 | 34 |
| ? | | | | 26 | | | | | | | | | 26 |
| Вкупно | 8 | 1 | 25 | 70 | 15 | 4 | 13 | 1 | 41 | 10 | 9 | 2 | 199 |

Таб.9

отворени во овој период се само Deultum ( 98-117), Philipopolis (81-96) и Abdera (14-37). Во римската провинција Горна Мезија, првите емисии на провинциското монетоковање датира од прва половина на 3.век. Веќе во следниот период, во 138-161г., имаме присуство на тракиското монетоковање, мал процент на монетарницата Пауталија ( 20 %), отворена 139г., за време на императорот Антонин Пиј (138-161),




Граф.10

| Дата | Римска провинција | | |
|---|---|---|---|
| | Тракија | Македонија | Горна Мезија |
| 41-68 | | 8 | |
| 98-117 | | 1 | |
| 138-161 | 5 | 20 | |
| 161-192 | 61 | 9 | |
| 193-217 | 12 | 3 | |
| 218-222 | 2 | 2 | |
| 231-235 | | 13 | |
| 235-238 | 1 | | |
| 238-244 | 1 | 26 | 14 |
| 244-247 | | 1 | 9 |
| 249-251 | | | 9 |
| ? | | | 2 |
| Вкупно | 82 | 83 | 34 |

Таб.10

кога го добиваат правото на ковање тракиските градови Hadrianopolis, Plotinopolis и Topiros.[187] Доминира, монетарницата Бероја, што се должи на нејзиното значење и големата монетарна продукција.

Врз основа на познатите нумизматички податоци, ако се направи една паралела, (Таб.9) може да се види дека, кога има прекин на работата во римската монетарница Стоби, во периодот на вториот прекин во 118-161г., во време на Хадријан и Антонин Пиј, значително е присуството на изданијата на Македонскиот Којнон и на монетарницата во градот Пауталија, меѓутоа во временската рамка од 161-192г., доаѓа до израз дистрибутивната моќ на тракиските монетарници, кој учествуваат со 87,14%, со најголемо учество на Пауталија. Врз основа на археолошките податоци на нумизматичките наоди, се работи за примероци, кој во најголем дел се најдени во југо-источниот дел на денешна Источна Македонија, со мал процент на наоѓање во Брегалничкиот регион. Освен следењето на административниот принцип на дистрибуција, тука секако е географската поставеност на Пауталија. На нејзината територија е формиран природен крстопат, каде се поврзуваат долините на реките Горна и Средна Струма, со помалите долини на Герман, Горна Места, Вардар и Морава.[188] Во нејзината зона на циркулација, како близок територијален опсег, е секако подрачјето на југоисточниот дел на испитуванот подрачје. Состојбата во 3.век е поинаква, така што уште од првите децении, во периодот д 193 -217г., се забележува мала дистрибуција и од двете провинции, Македонија и Тракија, што подолу може да се види и од сликата на монетарниот оптек во оваа временска рамка. Тоа е време кога престанува со активност ковањето во Пауталија (217г.), а веке во наредниот период од 218-222г., постои помало и еднакво учество од двете провинциски ковања. Тогаш, се затворени монетарниците Филипопол (222г.) и Хадријанопол (244г.) во римската провинција Тракија, Стоби и Едеса во 222г, (римска провинција Македонија). Во периодот од 231-235г., циркулираат единствено емисиите на монетарницата Бероја (231-235г). Во временскиот интервал од 235 -238г., присутна е само монетарницата во колонијата Делтум (провинција Тракија), која престанува со емитување во време на Филип I (244-249).[189] Веќе, во периодот од 238-244 г., изданија бележи виминацискaта монетарница, која тогаш ги има своите почетоци на монетоковање (239), понатаму емисиите на провинцијата Македонија (63,4%), од монетараницата Бероја (24пр.) и

[187] Kos P.,1998,276
[188] Filipova S,Prokopov I., Paunov E., Sofia,2009,8
[189] Kos P, 1998,87

Едеса (1пр.), и само еден примерок од тракиската монетраницата Хадријанопол (провинција Тракија), која тогаш (238-244) е ї затворена. По последното споменување на Македонскиот Коинон во 244г., целосна доминација во партиципацијата на монетарници има Виминациум, единствени провинциски изданија, кој заедно со регуларните империјални циркулиираат на територијата на денешна Источна Македонија.




Граф.11

Од Граф.11, се гледа дека најголема партиципација на дистрибуција има монетарницата Бероја, 34,67 % од римската провинција Македонија, која има еден континуитет, од прва половина на 1.век (44г), се до нејзиното прекинување, во време на владеењето на Филип I, меѓутоа, иако учеството на Пауталија е од 25,62 %, сепак , и кај неа постои еден континуитет на дифузија, почнувајќи од 139г. до нејзиното затворање во време на Елегабал, 222г. Трета по учество, е виминациската монетарница -17,08%, која бележи висок процент во однос на тоа дека дистрибуира во периодот од 239/40-254/55год. додека останатите монетарници, освен Стоби, кој е со процентуална застапеност од 4,02 %, имаат скоро идентичен степен на дистрибуција, односно Хадријанопол, Филипопол, и Тесалоника по 1,0%, и Едеса, Амфиполис и Делтум, со само 0,50%. Кога би ја спoредиле процентуалната застапеност на монетраниците чија монетарна активност е во приближно ист период тогаш се гледа скоро идентична

слика, тракиските монетарници ( во кој се додадени 13,06% неопределни) учествува со 41,72%, а монетарниците од Римската провинција Македонија со 41,69%.

Ако нумизматичката циркулација врз основа на монетарници според години на емисии, ја поврземе со степенот и интензитет на монетниот оптек, исто анализиран според годините на емитување, се добива следната слика и интерпретација.

| Година | Фреквенција | Големина на временски период | Коригирана фреквенција | Кумулативна низа |
|---|---|---|---|---|
| 41-68 | 8 | 27 | 0,29 | 8 |
| 98-117 | 1 | 19 | 0,05 | 9 |
| 138-161 | 25 | 23 | 1,08 | 34 |
| 161-192 | 70 | 31 | 2,25 | 104 |
| 193-217 | 15 | 24 | 0,62 | 119 |
| 218-222 | 4 | 4 | 1 | 123 |
| 231-235 | 13 | 4 | 3,25 | 136 |
| 235-238 | 1 | 3 | 0,33 | 137 |
| 238-244 | 41 | 6 | 6,83 | 178 |
| 244-247 | 12 | 3 | 4 | 190 |
| 249-251 | 9 | 2 | 4,5 | 199 |

Таб.12




Граф.12

Емисиите од раноцарскиот период се застапени со малку примероци. Следствено, периодот од 41-68г., (Граф.12) покажува дека постои извесен сигнал на циркулација, но овие емисии немале некоја важна улуга во самиот оптек. Повеке се работи за поединечни емисии на Македонскиот Коинон и примероци на Филипи (автономни провинциски изданија), од кој еден претставува дел од колективен нумизматички наод. Забележано е дека изданијата на Филипи од 1.век, се наоѓаат во оставите од раниот Принципат. Така, регистрирани се околу 30-тина остави, во јужниот и југозападниот дел на Тракија, мал дел во западниот дел на Мезија, но најинтензивна концетрација е евидентирана во зоната на централни и западни Родопи, со долините на реките Места (Nestus) и Струма (Strymon), кој се всушност покрај градот Филипи.[190] Рефлекс има и на територијата на која се пронајдени, односно југоисточниот дел на денешна Источна Македонија.[191] Ова е периодот на Јулио-Клавдиевата династија, која во нумизматичкиот материјал е присутна со мал процент, 4,02 % (Таб.13).

| династија ЈУЛИО-КЛАВДИЕВА (44-68) | | | |
|---|---|---|---|
| Император | Дата | Број на примероци | % |
| Claudius | 41-54 | 5 | 2,51 |
| Nero | 56-68 | 1 | 0,5 |
| Claudius-Nero | 44-68 | 2 | 1 |
| Вкупно | | 8 | 4,02 |

Таб.13

Во овој период е паричната реформа на императорот Нерон, економската криза присутна уште од времето на Тиберий, а предизвикана од недостатокот на пари во оптек.[192] Емисии од I-та Флавиева династија (69-96) не се присутни, а единственото издание, како изолирана појава е од императорот Трајан (98-117), емитувано од монетарницата Стоби, со место на наоѓање на подрачјето на Овче Поле. Скок во циркулацијата, се гледа во 138-161г., со вредност на коригирана фреквенција од 1,08, кој во наредниот 161-192 е со двојно зголемена вредност, односно прилив на пари од 2,25, највисока воопшто во рамки на цел втори век. Што се однесува, до периодот од 161 – 192г, до овој скок на циркулацијата во втора половина на 2.век, а во однос на

[190] Paunov I.E., 2013,439
[191] Лок.Врчва, Боров Дол,с.Дамјан (Радовиш) и некропола Гуштерова Чукарка, Црвено Поле, Струмица
[192] Машкин А.Н.,1995,422

местото на нејзиното емитување и откривање, а ако се намали веројатноста како последица на воено – историските случување на овие постори (борбите со Маркоманите и Сарматите, водени од страна на Марко Аврелиј), може зголемениот доток на пари, да се поврзе со зголемента продукција на монетарниците, пред се на тракиската Пауталија, од кој се дистрибуирани, следејќи го принципот на административна припадност и територијална блискост на дистрибуирање. Примарната зона од каде се дистрибуирани, е во голем дел, и во исти административни рамки со онаа на кој се откриени. Се работи за најголем дел од примероци, кој претставуваат дел од колективни мешовити наоди , но и такви составени само од провинциски монети[193]. Карактерот на содржинскиот состав од исклучиво провинциски емисии, е појава која може да се сретне и во соседните области на Балканот, особено о регионот на денешна југо – западна Бугарија[194], односно во тракиските делови кој се територијално поблиску до испитуваното подрачје. Тргнувајки од овој факт, се гледа дека територијалниот опсег на овие бронзи, во однос на нивната бројност и циркулативна моќ е најголема во области кој се територијално најблиски. Бидејки не претставуваат изолирана појава, тие се вклучени во циркулацијата. Ова се всушност основните видови на циркулацијата на пари кој учествувале во локалната циркулација заедно со регуларните империјални, кој се во многу мал број. Како што може да се види најмногу ги има во зоната на циркулацијата на својата ковница. Ова се примероци, емитирани од владетели на династијата Анто-

| династија АНТОНИНИ (138-192) | | | |
|---|---|---|---|
| Император | Дата | Број на примероци | % |
| Antoninus Pius | 138-161 | 25 | 12,5 |
| Marcus Aurelius | 161-180 | 11 | 5,52 |
| Faustina II | | 58 | 29,14 |
| Commodus | 177-192 | 1 | 0,5 |
| Вкупно | | 95 | 47,7 |

Таб.14

193 Колективен нумизматички наод од Лок.Гањов Дол, с.Конче

194 Географски најблиската остава потекнува од Пловдив (Philippopolis), Touratossoglou P.I., 2006,175,180

нини, која учествува со 47,7%. Во време на Антонин Пиј, Римското Царство живеело во мир, економска благостојба и процут на провинциите. Периодот на Антонините е обележан со подем на градовите, развој на комуникациите и интензивната размена, но не во масовни размери. [195] Драстичен пад на циркулацијата постои во периодот од 193-217г., со вредност на коригирана фреквенција од 0,62%, а во овие рамки со благ раст од 1,0 во временската секвенца на емитување во 218-222г. Периодот од 193-217година, е време на владеење на династијата Севери, која во предметниот нумизматички материјал учествува со 16,0%. Карактеристичо за наодите на провинциските бронзи, пронајдени на испитуваното подрачје, е тоа, дека тие во поголем број на случаи се откриени во иста археолошка целина, а понекогаш и во ист археолошки контекст. Во еден случај се работи за монетни наоди (со иста провинциска припадност) најдени во ист потесен археолошки контекст заедно со други провинциски изданија, така одредени примероци (Марк Аврелиј, Јулија Домна, Септимиј Север) , припаѓаат на иста архелошка целина , заедно со изданија на римската провинција Македонија (Стоби), емисија на Гета, со издание на Македонски Којнон од 3.век. од истиот временски период.[196] Има и изданија (тракиски) од ова временска рамка 138-192, кој се во потесен археолошки контекст, исто со провинциски емисии на Македонија, но од поран временски период ( 1.век) на ковничко емитување или претставуваат дел од мешовит состав на империјални изданија од 3. и 4.век.[197] Оваа слика е аналогна и со останатите регии пронајдени во оваа временска рамка, каде вооедно и постои скоро ист содржински состав, особено во денешна југо-западна Бугарија, која во време на Принципатот, е во административни рамки на провинцијата Тракија. Така, во евидентираните провинциски монети во регионот на Пазарџик, како дел од остави се среќаваат изданија на Фаустина II, Антонин Пиј, Марк Аврелиј, од монетарниците Pautalia, Hadrianopolis, Philippopolis, и мал број примероци од Philippi (Римска провинција Македонија)[198]; Во областа на денешен Благоевград (Skaptopara), од

---

[195] Машкин А.Н.,1995,482

[196] Пронајдени на Лок.Керамидница, с.Мустафино (Овче Поле), заедно со наведените провинциски тракиски монети (северен дел на Сонда 1, ∇ 0,50), се наоѓа и примерок на Марк Аврелиј од монетарницата Стоби; Лок.Врчва, Боров Дол (с.Дамјан, Радовиш), емисиите на Гета и македонска провинциска од 3.век,(кв.2., ј/и четвртина)

[197] Монета на Фаустина II, заедно со македонска провинциска монета на Филипи (Лок., Врчва, Боров Дол);На истио локалитет во ј/и четвртина на кв.2, провинциските изданија на Септимиј Север и империјални од 3.и 4век.

[198] Ignatova S.,Filipova S.,Tenchova A.,Prokopov I., 2015,10-12

наведените остави, оставата од Долна Рибница, содржи примероци на Римската провинција Македонија (Македонски Којнон, Philippi,Stobi), империјални изданија, денари од 2.век.[199]; Во ареата на Ќустендил (Pautalia), слична е состојбата, но не кај оставите, туку кај поедничени наоди пронајдени во иста археолошка целина.[200]Освен ова, поголем дел од монетите, во овој период на ковничко емитување се дел од колективен нумизматички наод составен само од провинциски монети на истата провинција (Тракија), во чиј состав има мал број на примероци ( 7 ) од римската провинција Македонија (Македонски Коинон, Антонин Пиј), и во овој случај само едно римско империјално издание, денар на Антонин Пиј (150 –151г.). [201], и во случај со скоро идентична слика наоѓаме кај оставите од соседните подрачја.[202] За разлика од предходните два периоди со вредности на многу ниска коригирана фреквенција и минимален прилив на пари, кога во годините од 231-235г., постои раст на циркулацијата со тројно поголема вредност од 3,25, застапеност на македонските провинциски монети дистрибуирани од Бероја, бронзени емисии ковани во време на императорот Александар Север.

| династија СЕВЕРИ (193-235) | | | |
|---|---|---|---|
| Император | Дата | Број на примероци | % |
| Septimius Severus | 193-211 | 2 | 1 |
| Iulia Domna | | 2 | 1 |
| Caracalla | 198--217 | 5 | 2,51 |
| Plautila | | 1 | 0,5 |
| Geta | 209-212 | 4 | 2 |
| Macrinus | 217-218 | 1 | 0,5 |
| Elegabalus | 218-222 | 4 | 2 |
| Alexandar Severus | 231-235 | 13 | 6,53 |
| Вкупно | | 32 | 16 |

Таб.15

[199] Andonova M.,Filipova S.,Paunov E., Prokopov I,. 2014,86,150
[200] Filipova S.,Prokopov I., Paunov E., ,2009,58-82
[201] Колективен нумизматички наод (Лок.Гањов Дол, с.Конче), од 84 примероци , идентификувани :Фаустина II (50), Антонин Пиј (3), Марк Аврелиј (1), Каракала (2), сите римски провнициски монети од Тракија, додека од римска провнција Македонија, Антонин Пиј ( 7)
[202] Регистрирани две идентични остави од Пловдив (Philippopolis), каде освен 16 примероци емитирани од тракиските ковници, има и еден денар од Максимин, Touratossoglou I.P.,2006,175,180

Врз основа на степенот на циркулација овие бронзи, нивната продукција и монетизација, може да се каже дека присуството на овој простор, се однесува ѝ е последица на нејзиното големо монетарно влијание кое има поширок територијален опсег, во време како што беше предходно споменато замираат со својата продукција поголем дел од тракиските монетарници.

Застапени се сите императори, со изданија, во голем дел со позната археолошка позадина. Од историски аспект, во периодот од 192-193 година е граѓанската војна, војната на Каракала (213) со германските племиња и војната на Александар Север на Исток. Недостигот на финансиски средства доведувало до намалување на вредноста на парите, така на пример количеството на сребро во денарот било намалено речиси на половина, што секако се одразило и во самата размена.[203] Највисока коригирана фреквенција со вредност од 6,83, воопшто во целиот период на монетен оптек (1.-3.век), на територијата на денешна Источна Македонија е периодот на владеење на императорот Гордијан III, 238-244г., кога започнува ерата на т.н. војнички цареви, која е со 31,6 процентуална застапеност.

| "Војнички" императори | | | |
|---|---|---|---|
| Император | Дата | Број на примероци | % |
| Maximinus I | 235-238 | 1 | 0,5 |
| Gordianus III | 238-244 | 37 | 18,05 |
| Philippus I | 244-249 | 14 | 7,03 |
| Traianus Decius | 249-251 | 4 | 2 |
| Herenia Etruscilla | | 2 | 1 |
| Hostilianus | 251 | 2 | 1 |
| Trebonianus Gallus | 251-253 | 4 | 2 |
| *Вкупно* | | *63* | *31,6* |

Таб.16

Масовниот продор на монетен оптек, е период на на многу воено-истриски настани и кризата која ја зафатила Империјата во прва половина на 3.век. Оваа зголемена вредност, првенствено е последица и рефлекс на воено – историските услови и случувања, варварските инвазии, пред се на континуираните напади на Готите во 235

203 Машкин А.Н.,1995,530,535

година особено во 242г., кога како резултат на ова, се регистрирани серија на остави на Балканскиот Полуостров[204], односно тезауризација во овие немирни времиња. Автономните бронзени емисии на македонското провинциско монетоковање, кој доминираат, се многу чести во областите кој припаѓаат на провинцијата Македонија, каде се регистрирани голем број на остави. Нумизматичката евиденција покажува присуство на остави, и на територијата на денешна Р.Македонија.[205] Воените случувања не се само причина за поголема продукција за време на Гордијан III (238-244), а до некаде и под Филип I (244-249), бидејки е поврзано со воведување на Питијските игри. Овие монети, кој се продуцирани без прекин, скоро три века, во монетарниците на урбаните центри, Коинонот, и колониите, ги задоволувале секојдневните општествени потреби во монетарната економија. Монетите, успешно ги покривале периодичните барања, на локалните игри кој биле задржани во Македонија и Тракија.[206] Во Филипопол, биле исто така организирани овие игри (Питијски), кога за време на Елегабал (218 – 222), градот добива neokoria, и фестивал во чест и врска на империјалниот култ, славејки како Питија.[207] Овде можат да се наведат и други локални карактеристики, како прославувањето на 600 години од раѓањето на Александар Велики, одбележано со ковање на монети од страна на Македонскиот Коинон, во време на императорот Гордијан III.[208] Во наредните два периоди на ковничко емитување, односно во 244-247г, со вредност на коригирана фреквенција од 4,0 и наредниот 250-252г., од 4,5., постои воедначена фреквенција. Содржинскиот монетен состав зборува за доминатна застапеност на изданија на Виминациум, време на циркулација, кога изданијата од останатите монетарници (во провинциите Македонија (Бероја) и Тракија (Филипол) кој имаат најголема дисперзивна моќ на оваа подрачје прекинуваат со својата работа. Местото каде се најмногу застапени (регијата на Куманово), исто така зборува дека принципот на дистрибуција, повторно е поврзан со администаривните рамки, кога веке е познато дека ова подрачје во време на Принципатот, припаѓа на римската провинција Горна Мезија. Емисиите завршуваат со XII година на локалната ера, односно 250-251год, кога во време на благосостојба на Римската Империја, по успешните воени победнички походи на Трајан Декиј, постои

[204] Touratsoglou P.I, 2006,138
[205] Остави од овој период се регистрирани во Скопје ( две остави), Будур Чифлик ( Демир Капија ), Скопје (две остави ), Шопур, с.Лакавица (Mirnik I., 1981,59)
[206] Touratosglou,Ibid,153
[207] Howegego C.,Heuchert V., Burnett A.,2005,109
[208] Metcalf E.W.,2012,464

голема монетарна продукција. Секако ова е поврзано со војничкиот елемент, односно транзитенито карактер на движење на воените единици. Виминациум, колонија на римските ветерани, продуцира пари за потребата на војската на Дунав, но со посредство на војниците и движење на војничките единици има широк територијален опсег на циркулација, и претставува место каде малку подоцна (249/50г.), се случуваат настани во негова непосредна близина.

Комуникациските линии, кој биле изградени и конструирани уште од раниот 1., 2. и 3.век првично биле наменети за војнички цели.[209] Развиената патна комуникација овозможувала брзо движење на воените единици, особено во 3.век, кога има бурни воени случувања, дифузија на платените војници, кој за овие воени походи биле распоредени на поширока територија. На територијата на денешна Р.Македонија, постоела развиена патна мрежа со крајпатни кастели (на кои укажуваат археолошките траги) , во кои биле сместени регионалните одреди. Низ неа поминувале тритте главни пата Via Egnatia, Via Axia и дијагоналниот пат кој ја поврзувал Хераклеа преку Стоби со Пауталија. Трасата на врската Тесалоника – Пауталија - Сердика се наоѓа на север/југ, а на запад/исток директно е на патот Стоби – Скупи - Пауталија-Филипопол. Исто и Стоби, од кој имаме примероци се наоѓа на важна сообраќајна артерија Тесалоника –Наисус- Сирмиум, која кај стоби се вкрстувала со патот кој од Сердика водел кон Хераклеа на Виа Егнатиа. Патот Скупи – Пауталија се приклучувал на патот Хераклеа –Стоби – Пауталија[210]. Брегалничкото подрачје е дел од тритте патни траси формирани од Римската Империја на територијата на Р.Македонија, односно од дијагоналниот пат Хераклеја-Пауталија, кој ги поврзувал Вардарската магистрала и Егнацискиот пат, а премостувајки го Вардар, по најкуса линија се упатувал кон Астибо (Штип), спуштајки се до устието на р.Лакавица во Брегалница.[211] На ова патна траса, кога патот во Стоби, преминува на венецет Серта, бил контролиран од кастелот Хаџи-Хамзали, а од Штип кон Овче Поле, патот бил контролиран од кастелите Мечкуевци и *Долно Ѓуѓанци.*[212] *Во Кумановскиот регион* се вкрстувале двете најважни комуникации, патот од Јадранското Море до Цариград и патниот правец Наисус-Тесалоника, што е дел од патот по кој Средна Европа одржувала врски со јужните

[209] Petrovič P., 2007,18
[210] Папазоглу Ф.,1957, 236; Микулчиќ И., 1999,231; Керамитчиев А.,,1966,40
[211] Лилчиќ В.,1994, 114
[212] Микулчиќ И, 1999,229

области на Царството.[213] Патот по моравско –вардарската долина (кај Лок. Путарница с.Никуштак, утврден објект), се вкрстувал со патот од Скупи кон Пауталија, а движејки се кон југ, во реонот на с.Петровец, се спојувал со патниот правец Скупи-Тесалоника. Овој пат бил директна врска меѓу римските провинции Горна Мезија и Македонија. Од патниот правец Наисус-Стоби, се одвојувал пат (кај с.Лопате) и преку Овче Поле, Штип, Крива Лакавица и Струмица се спуштал до Солун. На овој патен правец е тврдината Градиште, кај с.Градиште.[214] Според археолошките остатоци на патната траса Скупи-Путалија- Сердика, се наоѓал кастелот кај локалитетот Големо Градиште, кај с.Коњух[215], кој бил последниот мезиски пункт пред трачката граница.[216] Во Струмица се сечеле два пата, од Астибо кон Идомене и Солун, и од Стенае (Демир Капија), кон долината на Струма.[217] По десниот брег на Брегалница, водела патната траса Astibos-Skaptopara, која се приклучувала на Стримонската магистрала, понатаму по патот Astibos-Partikopol, кој кај височрамнината Малешево (во чие средиште се наоѓал крајпатниот кастел кај Будинарци) преку Плачковица, водел кон радовишко-струмичкиот регион кон југ. Патот низ Малешево (кастел Двориште), ја премиувал провинциската граница. По Цировска Река, се спуштал по долината на Струма до градот Партикопол.[218] На испитуваното подрачје епиграфските траги укажуваат на постоење на кохорти, кој обично вршеле контрола на патиштата, откриени и поставени на места каде поминувале важни сообраќајни врски.[219] Функцијата на граничнните тврдини се сведувала на граничната сигурност во секоја провинција одделно, на организирање на одбрана на непријателот, а на овие гранични премини била наплатувана царина, која го претставувала најзначајниот дел од приходите на државата. Во рамки на Римската империја постоеле повеќе царински зони. На подрачјето на денешна Р.Македонија се допирале три вакви зони, и тоа т.н. Илирска зона (Publicum portrii Illyrici), кој ги опфаќала подунавските провинции, со Горна Мезија на југ, а нејзината јужна граница го опфаќала Скопско-кумановскиот регион, понатаму т.н. Трачка зона (Publicum portrii ripae Thraciae), која го опфаќала источниот дел на Балканскиот Полуостров, а на ова подрачје регионот на Средна и Горна

[213] Ѓеорѓиевски Б., Римските патишта во кумановскиот Регион, Маа,бр.10,Скопје 1985-1986,155
[214] Ѓеорѓиевски Б, Ibid,155
[215] Ѓеорѓиевски Б, Ibid,154
[216] Mikulčič I., Teritorija Skupa, Жива Антика,год.XXI, Том.2, Скопје 1971,470
[217] Микулчиќ И, 1999,335
[218] Микулчиќ И, 1999,230,231
[219] Поглавје I.1.

Брегалница и долината на Крива Река. Од југоисточниот крај на провинцијата Горна Мезија близу границата со провициите Македонија и Тракија, потекнуваат два натписи поврзани со оваа проблематика.[220] Двата епиграфски споменици од околината на Куманово (с.Лопате), во својата содржина споменуваат една царинска станица, позната под името Lamud(ensis), која била наменета з контрола на патниот сообраќај по долината на Пчиња и Крива Река спрема Тракија. Натписите се однесуваат на времето на владеењето на императорот Каракала. Кај Лопате е евидентирана, и богата римска населба, тогашен регионален центар, оддалечен 30 км., од провинциската (и царинската граница).[221]

Населбинскиот живот и стопанството имало тесна врска со рударската дејност, за чии потреби Римјаните главно се снабдувале со сребро, олово, бакар и железо од рудниците на провинциите Мезија, Македонија, и Дакија. Власта на рудниците во источните провинции,се наоѓала во рацете на императорските прокуратори, кои биле во сталежот на коњаниците. Од пишаните податоци на римските автори, нема информации за организација на рударство на територијата на денешна Р.Македонија. Сепак, материјалните траги зборуваат за интензивна металуршка дејност на територијата на денешна Р.Македонија.[222] Во источнит дел , траги од римско рударство (рударски јами и остатоци од топена руда-згури) се зачувани во Кратово, Злетово, Пехчево и Радовиш. Од римскиот период, внатре во рударските јами, а и во населбите близу нив, како и во градиштата откриен е богат археолошки материјал., меѓу кој и директни материјални докази, како што се рударска опрема и алатки.[223] Во Кратовскиот крај (во самиот град Кратово и неговата блиска околина[224]), откриени се повеќе рударски јами и остатоци од топилници во кој била топена оловна и железна руда. По формите на овие рударски јами, востановена е дека оваа дејност, егзистирала во римско време, уште во 2.и 3.век, а секако и подоцна.[225] Топење на руда

[220] Микулчиќ И, 1999,282-283

[221] Керамитиев А., Новооткриени споменици во Кратовско, Жива Антика, том 1, год.XXIII,Скопје 1973,154; Микулчиќ И, 1999,283

[222] Керамитчиев А, Извори за рударството и металургијата, Macedonia acta arheologica, 3, Прилеп, 1977,107,108

[223] Керамитчиев А., Римското рударство во Источна Македонија, Гласник на Институтот за национална историја, год.XVIII, Скопје,1974,119;Керамитчиев А., 1977,107

[224] Во атарот на селата Горно Кратово, Мушково, Шлегово, Приковци, Туралево, Шопско Рудари и Којково, Керамидчев А., Ибид, 120

[225] Како доказ Керамитчие ги наведува двата реклејефи, (со претстава на Херакле (заштитник на рударите) и вотивен релјеф со претстава на рудар со рударска опрема) од римско време (2., 3.век), откриени во рударска јама, односно врежани во неа, кај месноста Плавица (Керамитчиев, Ibid,121)

е констатирано и кај месноста Жѓури (меѓу Кратово и Пробиштип), каде е пронајден археолошки материјал од керамика и монети од 2.до 6.век. Стари рударски објекти се констатирани и на десен брег на Злетовска Река, на римската утврдена населба Рударско Брдо. Покрај оловото можно е и да добивале и сребро и мала количина на злато. Најраните податоци за добивање на злато и сребро, во подрачјето на Осоговската планина потекнуваат од 2.век. Рударски галерии со златни наноси, се откриени во средниот тек на Пекљанска Река, на археолошкиот локалитет Рашка.[226] Нумизматички траги се евидентирани на монетен примерок од императорот Каракала, кована во монетарницата Пауталија, со претстава која укажува на премивање на злато од речен песок, а според некој автори овие сцени покажуваат дека " златото во Ќустендил се добивало со плавење од околните осоговски рекички"[227] Во подрачјето на Малешево, остатоците од руда потврдуваат дека во тек на 2.-6. век, се одвивала обемна рударска дејност (локалитетите Раковец, Жгури, Боро и Градиште).[228] Интензива рударска дејност постоела во селата Дамјан и Погулево, како и во подножјето на Пилав Тепе, по десен брег на Меденска Река.[229] Важно значење како рударски центар за добивање на бакар во римската епоха имала и Беласица, каде (западно од неа), во близина на с.Костурино, се наоѓале богати рудници на бакар. На локалитетот Буковик-Прогон, се зачувани големи количества на остатоци од топена бакарна руда, и остатоци од римска рударска населба. За задоволување на големите потреби на римското стопанство, а особено за војската (особено во 3.и 4.век), интензивно биле експлоатирани старите рудници и отварање на нови. Во поголемите центри на Балканскиот Полуостров се појавиле државни работилници (Fabricae), кои изработувале оружје и опрема за војската.[230]

[226] Керамитчиев А., 1977,108;Белдедовски З., Златоносни рударски галерии кај Пекљани, Жива Антика, год.XXIX, том 1, Скопје 1979,149
[227] Колев К.,1968,106
[228] Керамитчиев А. Малешевската котлина (резултати од археолошкото рекогносцирање во 1973), Macedonia acta arheologica,5,Прилеп 1979,154
[229] Керамитчиев А, 1974,130
[230] Керамитчиев А., 1977,111

## VII.1 Анализа според географска и археолошка припадност

Од време на Принципатот, археолошката истраженост и преглед на територијата на денешна Источна Македонија[231], покажува населбински живот со концетрација на локалитети кој по својата припадност претставуваат населби, некрополи, градишта и траги од каструми. Нумизматичките траги се однесуваат повеќе на регуларните империјални изданија, а следствениот редослед на археолошките наоѓалишта од раноцарскиот период, е наведен и кореспондира со местото на наоѓање на провинциските емисии, кој се предмет на испитување. Во Брегалничкиот регион како една археолошка целина, регистрирани се повеќе локалитети, лоцирани од двете страни на Брегалница, како и во средното и горното сливно подрачје. Од десната страна евидентирани се римски населби и градишта (Лок.Драмче (с.Чифлик, Делчево), лок.Градиште, Манастириште, Лок. Грамаѓе (населба), Лок.Петрово Брдо (остатоци римска населба), Лок. Грнчарица (населба); од лева страна, лок.Крст,с.Илиово (населба), Лок.Селиште (могила и населба ), атар на с.Горачино, Лок.Тројаница, Лок. Батулица, Лок.Ореово ( населба и некропола), средно сливно подрачје со наоѓалиштата Бандера, Беш Тепе Анче; населбите кол сливот на долината а Брегалница, опфакајќи го подрачјето на Овче Поле, особено северо-западниот дел ( с.Горобинци, населба и некропола), с.Малино, с. Мустафино (Лок.Керамидница, Лок.Сулејманец).

Во југосточниот дел концетрирани се населби и некрополи, со коцетрација во областа на Радовиш, селата Дамјан и Конче (локалитети Врчва, Гањов Дол, Денкина Чука). Во сеероисточниот дел, во кумановскиот басен констатирани се римски наоѓалишта, со податоци кој укажуваат на мал број на нумизматичка евиденција, за разлика од многуте податоци кој се однесуваат на епиграфските надгробни споменици (Војник, Думановце, Клечовце, Лојане, Лопате, Дрезга, : Биљановце, Дервен- Стамболиски Пат (викус од римско време), Војник ( Петриково, населба и некропола), Пчиња (Белуш, римска населба), Агино Село, Мало Саранлија, населба, село Бељковце, Еленец, населба, с.Вакав, Боцеви Бресја, населба, Речица, населба и некропола, Градиште, Лиска, населба, Трнци, населба, Чукаре, населба , Доброшане, Дервен, населба од римско време, с.Долно Коњаре-Бело Брдо, населба од римско време, Југучки Гробишта, населба од римско време, с.Лопате, Дрезга, населба и некропола од римско

[231] Археолошките податоци се превземени од Археолошка карта на Република Македонија, Скопје 1996 (група автори)

време, Лопате, некропола од римско време, Младо Нагоричане, Грамада, некропола од римско време, Никуштак, Путарница, населба од римско време и др. Во областа на Крива Паланка, констатирани се градишта, населби и могили (Лучин Дол- Стар Хан во с.Опила, Лок.Градиште, десен брег на Крива Река, две населби од римско време, во с.Нерав, Грамади, населба од римско време, во с.Петралица, Бошановце, могила од римско време, с.Отошница, Могила, некропола-могила, од римско време. Кратовското подрачје со податоци од Лок. Равниште, с.Железница (некропола), Кратово (северен дел), населба, лок.Челопек, с.Трновец, населба лок.Градиште, с.Секулица (населба).

а.Брегалнички басен

Римското провинциско монетоковање на подрачјето по долината на Брегалница во предметниот нумизматички материјал, учествува со процентуална застапеност од 41,7 %. Од вкупно 83 пр., мал дел (28) се со позната археолошка позадина, додека за останатите (55), нема археолошка информација, освен тоа дека е позната потесната територија на која се пронајдени. Според местото на наоѓање, од средниот тек на река Брегалница, провинциски емисии се констатирани на локалитетите Бандера (с. Долен Козјак), Батулица (атар на с.Црвулево), с.Горачино (атар), Виничко Кале, Коколов Рид и Грнчарица (с.Крупиште). Во микрорегијата на Овче Поле, евидентирани се провинциски изданија на Лок.Керамидница, с.Мустафино (7пр.) , додека за останатите нема археолошки податоци, освен дека потекнуваат од тоа потесно подрачје.[232]
Постои голема веројатност дека поголем дел од примероците со непознато место на наоѓање потекнуваат од горниот тек на Брегалница (област Малешево)[233], а постои информација и за присуство на провинциски емисии во долината на Пијанец (Лок.Чифлик, с.Драмче, Делчево).[234] Во групата на тракиското монетоковање, од

[232] Монетните примероци со непознато место на наоѓање се наоѓаат во нумизматичката збирка на Народен Музеј- Св.Николе
[233] Со самото формирање и понатамашно дооформување на нумизматичката збирка во НУ Завод и Музеј, Штип, донесувани се монетни наоди од областа Малешево, но без информација за конкретно место на наоѓање (информација добиена од Звонко Белдедовски (исто наведено во магистерски труд-Нумизматичка циркулација по долината на Брегалница во зрелата антика- (Гордана Јанева)
[234] Емисии (3) на императорите Гета и Каракала (Пауталија), Каракала (Хадријанопол), кој не се ставени во статистичката анализа поради недостапност на истите за нивна типолошка идентификација (информација од Музеј на Македонија (2009г.).

| Година | Брегалнички регион | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Тракија | Македонија | Горна Мезија | |
| 41-68 | | 6 | | 6 |
| 98-117 | | 1 | | 1 |
| 138-161 | 1 | 10 | | 11 |
| 161-192 | 8 | 5 | | 13 |
| 193-217 | 6 | 1 | | 7 |
| 218-222 | 2 | 2 | | 4 |
| 231-235 | | 10 | | 10 |
| 235-238 | 1 | | | 1 |
| 238-244 | 1 | 6 | 11 | 18 |
| 244-247 | | | 4 | 4 |
| 249-251 | | | 8 | 8 |
| Вкупно | 19 | 41 | 22 | 83 |

Таб.17




Граф.13

подрачјето на среден и горен тек на Брегалница, констатирани се провициски изданија во атарот на с.Горачино[235] ( Антонин Пиј (1) Фаустина (4) и Гета (1); Лок.Грнчарица, с.Крупиште ( десна страна на река Брегалница, населба од неолитско и римско време)[236] со примерок на Гета (1пр.); Лок.Виничко Кале (утврдена населба од доцноантичко време) со еден евидентиран примерок (Максимин, 235-238); Коколов Рид, изданија на Фаустина (2)[237]. Од ова потесно подрачје поголем дел на провинциските изданија припаѓаат во емисиите на колонијата Виминациум (провинција Горна Мезија), со археолошка припадност на локалитетите Бандера, с.Долен Козјак (каструм од римско време)[238], и Батулица (атар на с.Црвулево), и двата во средно сливно подрачје на Брегалница, од нејзината лева страна. Присутни се емисии на Гордијан III, 241/42, 242/43 (атар на с.Црвулево, 3пр.) Филип I од 244/245 (Лок.Батулица); Лок.Бандера, евидентирани четири наоди на виминациската монета од VIII (26/47 Филип I) и XII (250/51, Хостилијан, Требонијан Гал) локална ера. Локалитетите Батулица и Бандера, претставуваат дел од населбинскиот комплекс на доцноантичкиот град Баргала.[239] Треба да се напомене, дека на овие два локалитети, римските империјални изданија од оваа временска рамка (3.век) скоро и да ги нема, а евидентирани се само примероци кој припаѓаат на доцноримското ковање. Територијата на Овче Поле, учествува со вкупно 17 провинциски емисии, каде постои иста застапеност во тракиското (5) и македонското провинциско ковање (5), останатите (7), влегуваат во групата на емисии од провинцијата Горна Мезија. Од примероците кој се со позната археолошка позадина, и потесен археолошки контекст[240], потекнуваат од локалитетот Керамидница[241] (населба и некропола од македонско и римско време), с.Мустафино. Примероците на македонското провинциско монетоковање припаѓаат на

---

[235] Се наоѓа во проширента долина на Крива Лакавица, од нејзина десна страна. Во атарот на селото во1966г. најдени се повеќе бронзни монети, од кои осум сочувани (меѓу ни на Антонин Пиј и Фаустина), АКМ, II, 440, документација на Завод и Музеј, Штип

[236] Археолошките истражувања Злетовица 2007-2009, од страна на археолог д-р Трајче Нацев

[237] Еден *примерок е пронајден во затворена гробна целина (гроб.р.3),информација од археолог Јулијана* Иванова (Народен Музеј, Виница, благодарност до истата за отстапениот нумизматички материјал).

[238] На локалитетот се откриени остатоци од светилште, и фрагменти од ex voto плочки од мермер, со претстава на божестваод грчко-римскиот пантеон, датирани 2.-3.век (АКМ,II,433,434)

[239] Подрачјето на с.Црвулево, се наоѓа на 2,5км од рновизантиска, на 4,5км одаеченост од ранoримска Баргала. Во непосредна близина е откриена доцноантичка некропола,а на локалитетот Батулица, е пронајдена и вотивна плоча датирана во 3.век (Белдедовски З., Една доцноантичка гробница од Штипско, МАА, 5,1979,119)

[240] Монетните наоди на Септимиј Север и Јулија Домна се најдени ви ист археолош контекст (северен дел а сонда 1.,веднаш до профил,откоп 3), додека примерокот на Марк Аврелиј(Пауталија), е пронајден во гроб бр.5 (информација од д-р Трајче Нацев).

[241] Локалитетот е регистриран и истражуван во склоп на археолошките истражувања Злетовица 2007-2009, од страна на археолог д-рТрајче Нацев.

владетелите Антонин Пиј (Македонски Коинон) и Марк Аврелиј (монетарница Стоби) , додека изданијата на провинцијата Тракија се состојат од изданија на Марк Аврелиј, Септимиј Север и Јулија Домна (монетарница Пауталија). Во содржинскиот состав на нумизматичкиот материјал од Керамидница, евидентиран е само еден примерок на регуларна царска емисија од доцноримското ковање (Константиј II, 351-354, нумус). На стобската монетарница, со потекло од подрачјето на Овче Поле регистриран е уште еден примерок, емисија на императорот Трајан (98-117). Во провинциските емисии од виминациската монетарница, постои еден континуитет во емисиите, со временски распон од 240/41- 250/51г. (II, V, VI, XI,XII локална ера). Генерално од составот на провинциско монетоковање на териториjата на Овче Поле може да се заклучи дека во периодот на династиите Антонини и Севери, степенот на циркулација од двете провиниции (Македонија и Тракија) е ист, а по нивното ковничко замирање, постои иста застапеност на виминациската монетарница.

Од табеларниот и графички приказ може да се види (Таб.17,Граф.13), дека воедначена застапеност на изданија од провинциите Македонија и Тракија, има во две временски секвенци: 161-192г., со поголема дистрибуција на емисиите на Фаустина, а од групата на монети од провинцијата Македонија, поголем дел на стобските емисии, и еднаква застапеност на изданија од императорот Марк Аврелиј; Вториот е периодот на емитување од 218-222г., каде примероците на провинцијата Македонија, се изданија на монетарницата Стоби, додека во останатите периоди, има доминација на едно или друго провинциско монетоковање. Така од 41/68-138/161г., постои, со мали исклучоци, циркулација на емисии од провинцијта Македонија, концетрирани во горен и среден тек на река Брегалница. Иста е состојбата и во 231-235г., каде се евидентирани само емиси на Македонскиот Коинон, кој заедно со провинциските изданија на Виминациум, циркулираат и во наредниот (238-244) период. Виманциските емисии, остануваат во оптек до прва половина на 3.век (неколку години пред затворање на оваа монетарница 254/55г.), со циркулација по цела долина на река Брегалница. Забележителен факт, е дека монетните наоди од Римска провинција Македонија, кој се евидентирани на подрачјето на Овче Поле, со исклучок на само еден примерок од Македонскиот Коинон сите се емисии на Стоби, што секако се должи на истата административна припадност на ова подрачје со наведената монетарница (провинција Македонија).

б.Струмички басен

Застапеноста на римските провинциски изданија во југо-источниот дел на територијата на денешна Источна Македонија бележи присуство со вкупно 105 примероци, или 52,76 % од целокупниот нумизматички материјал. Сите монетни изданија се со археолошка позадина распоредени на неколку археолошки наоѓалишта. Исклучителна застапеност само на емисии од римската провинција Македонија се забележани во двата колективни нумизматички наоди, една од некрополата Бело Гробје, Лок.Драгулево, с.Иловица (Струмица) и наодите од некрополата Гуштерова Чукарка, Лок.Црвено Поле (Струмица). Римските провинциски емисии (8пр.), од некрополата Бело Гробје, Лок.Драгулево[242], с.Иловица, претставуваат дел од колективен нумизматички наод од 72 пр, регуларни римски изданија, каде доминираат антонинијаните (62пр), со концетрација на ковничко емитувањ од 270/5-276/82 г., а завршува со по еден примерок од првата (293-305) и доцната тетрархија (310-313). Хронолошката и типолошка идентификација покажа дека од првата половина на 3.век единствен примерок од регуларните емисии е антонинијанот на Гордијан III, (монетарница Рим, 240), додека останатите се осумте провинциски изданија, емитирани исто за време на истиот император, 238-244г. Идентична е сликата и со провинциските емисии од Лок.Црвено Поле, каде во иста временска рамка постои поголема бројчена застапеност на провинциските, во однос на регуларните царски емисии. Имено, содржинскиот состав на нумизматичкиот материјал од некрополата Гуштерова Чукарка[243], Лок.Црвено Поле[244] се состои од 168 пр., од кои 152пр., се регуларни царски емисии од 3.век (121), од 4.век (31) и 16 примероци со припадност на провинциското ковање (провинција Македонија), од 1.до 3.век. Во периодот на 3.век, доминираат антонинијаните (270/5-276/82г.), Од прва половина на истиот век, има само четири регуларни империјални емисии од кој три денари (Јулиа Маеса, Антиохија

[242] Лок.Драгулево за прв пат е рекогносциран и истражуван од арх.Ване Секулов, Завод и Музеј, Струмица, благодарност за увид и дозвола за обработка на отстапениот нумизматички материјал
[243] Некрополата Гуштерова Чукарка, е со површина од околу 5000 м$^2$ од кои досега се истражени приближно 1000 м$^2$, а при што се откриени 149 гроба, 127 со кремација и 22 со инхумација. Археолошките истражувања се изведени од страна на археолог Ване Секулов (Завод и Музеј, Струмица, во период од 2003-2011г.
[244] Локалитетот Црвено Поле се наога на крајниот југоисток на Р. Македонија, 37 км североисточно од Струмица, на јушните падини на планината огращденво пазувите од планината Огражден на околу 1200 м. надморска висина.

| Година | Струмички регион | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Тракија | Македонија | Горна Мезија | |
| 41-68 | | 2 | | 2 |
| 98-117 | | | | |
| 138-161 | 4 | 10 | | 14 |
| 161-192 | 53 | 4 | | 57 |
| 193-217 | 6 | 2 | | 8 |
| 218-222 | | | | |
| 231-235 | | 3 | | 3 |
| 235-238 | | | | |
| 238-244 | | 20 | | 20 |
| 244-247 | | 1 | | 1 |
| 249-251 | | | | |
| Вкупно | 63 | 42 | | 105 |

Таб.18




Граф.14

218/222), Јулија Мамеа ( Рим, 222/235) Гордијан III (Рим, 241)[245], и еден антонинијан од императорот Волусијан (251-253). Од идентификуваните 16 провинциски емисии, 13 се во оваа временска рамка, што покажува поголема застапеност во однос на империјалните емисии.

Од археолошкото наоѓалиште на доцноримската термална бања (с.Банско, Струмица), потекнуваат 4 примероци (сите емисии на Македонскиот Коинон, Антонин Пиј (2), 1 (231-235) и 1пр.(244-249). Идентификуваните емисии од 3.век, откриени се во објектот со мозаик, заедно со империјално издание на Максимим I[246]. Еден примерок од овие емисии (Антонин Пиј), претставува дел од остава пронајдена со археолошките истражувања на доцноримската термална бања[247]. Овој колективен нумизматички наод брои 51пр, од кој 38 читливи, со временски интервал на ковничко емиување од 270/5 до 367/75. Истиот е карактеризиран како "отворен наод", односно наод на кој сукцесивно се додавани монети, т.е. како затекната остава.[248]

Според археолошките податоци во содржинскиот состав на нумизматичкиот материјал од Струмичкиот басен, останатите провинциски емисии (од провинциите Македонија и Тракија), потекнуваат од регии од околината на Радовиш, односно Лок.Врчва, Боров Дол, с.Дамјан, и Лок.Гањов Дол, с.Конче.

Провинциските емисии (11пр.) од локалитетот Врчва, претставуваат дел од мешовит состав, со регуларни царски емисии, пронајдени, во различен археолошки контекст. На тракиското монетоковање припаѓаат 7 примероци (Фаустина (3), Септимиј Север (1), Гета (1) и Каракала (2), додека на Римската провинција Македонија 4пр., (1пр., автономно издание на Филипи, од 41-68г., 2пр., Македонски Коинон (231-235), и еден примерок исто од Коинонот (238-244). Во оваа временска рамка од империјалното ковање евидентиран е само еден примерок, издание на Лукила (денар, Рим, 164-169), додека останатите хронолошки се определени од крајот на 3. и прва половина на 4.век. Од оваа микрорегија, односно од Лок.Гањов Дол,с.Конче, потекнуваат останатите провинцски емисии, кој всушност имаат најголемо учество во содржинскиот состав на

[245] Три од овие изданија, пронајдени се во затворени гробни целини:Јулиа Маеса (гроб бр.26, Инв.бр.092/1946) , Јулиа Мамаја (гроб.бр.4, Инв.бр.10/1908) и Годијан III (гроб бр.61, Инв.бр.279/2020)

[246] Примерокот е пронајдн вопросторија бр.3, по тула на банкината од централната ниа на с/з зид, два примрока од 3.век на Македонски Коинон, исто во просторија бр.3, пред заѕидана ниша (информација од археолог Ване Ссекулов,Струмица)

[247] Оставата е откриена во просторија бр.3, југоисточна када

[248] Јанева Г, Колективен нумизматички наод од доцноримската термална бања во с.Банско, Струмица, Зборник на тудови, Струмица,2009,39-50

нумизматичкиот материјал од југоисточниот дел на денешна Источна Македонија. Тракиските провинциски изданија се застапени со вкупно 56 пр.(Марк Аврелиј (1), Фаустина (52), Каракала (2), а емисиите од римската провинција Македонија со 7 примероци, сите емитирани од императорот Антонин Пиј. Во целиот колективен нумизматички наод, има само еден примерок на регуларното империјално ковање, денар од истиот император, емисија од 150-151г., монетарница Рим. Во атарот на с.Конче, евиднтиран е локалтетот Денкини Чуки, каде со последните археолошки истражувања[249], во пронајдениот нумизматички материјал, нема регистрирано провинциски емисии, туку империјални изданија со идентификација на Октавијан Август (денар, 15-13.пр.н.е.), Хадријан (сестертиј, 134-138г.) и уште два сестертии, кој поади големата оштетеност, не се типолошки детерминирани, но според номиналната вредност припаѓаат во хронолошка рамка, најдоцна до прва половина на 3.век. Ова,секако укажува на истовременото цркулирање на провинциски и империјални емисии.

Според резултатите што се добиени од испитувањето на рударски и металуршки објекти на територијата на Источна Македонија, констатирано е дека во римско време, во с.Дамјан (лок.Манастир, Кремен и Врчва), се вршела експлоатација на оловосребрена и железна руда. На местата Врчва и Кремен, пронајдени се остатоци од згури и движен археолошки материјал. Во згурите на овие локалитети, останале процент на железо, кој индицирал за висока техника при топење, карактеристична за римската металургија.[250]

Според табеларниот и графичкиот приказ, евидентно е дека во Струмичкиот басен, циркулираат само изданија на провинциите Македонија и Тракија, со последни евидентирани емисии од 238-244г. Кај монетното ковање на провинцијата Македонија, се следи континуирано присуство со различен интензитет, и исклучива застапенот во периодот 238-244г. Меѓутоа најголемо присуство е регистрирано кај тракиското монетоковање, кое во временската рамка на емитување 161-192г., го достигува својот врв на циркулативна моќ. Ова монетоковање, е евидентирано само на наоѓалиштата кој гравитираат во регијата на радовишкото потесно подрачје. Друга евидентна карактеристика, е тоа што од изданијата на римската провинција Македонија, нема ниту еден примерок на монетарницата Стоби. Според Папазоглу, областа северно од

[249] Археолошките истражувања беа изведени од страна на археолог Трајче Нацев, 2011г.
[250] Керамитчиев А., 1974,131

Беласица, помеѓу Аксиј и Стримон, била опфатена со трачки елемент. Тргнувајки од локализирањето на античкиот Добер во долината на Струмица, таа наведува антички изворни податоци, Страбон, Тукидид.[251]

Додека, според Микулчиќ, југозападно од североисточната граница на Македонија, во регионите на Овче Поле, Штипско, Радовиш и Струмица, надгробните стели од ова време имаат типично северомакедонска форма и иконографија, погребните форми од типично македонски карактер, така од оваа страна се простирала провинцијата Македонија, а од другата североисточно, почнувала провинцијата Тракија.[252]

в.Кумановски басен

Во северо-источниот дел на денешна Источна Македонија, според нумизматичките податоци, застапеноста на римките провинциски емисии, бележи многу мало учество, со оглед на тоа дека се евидентирани (Таб.19, Граф.15), само емисии на монетарницата Виминациум (провинција ГорнаМезија) или само 5,52% процентуална застапност во целокупниот нумизмтички материјал на римското провинциско монетоковање на оваа територија. Економијата во Кумановскиот регион и долината на Јужна Морава, се до времето на Антонините, била на најнизок степен. Крупни земјишни поседи како основа на земјоделието и стимулатори на економскиот културен рзвој во тоа време (а кој се среќавале а територијата на Скупи), не се регистрирани. Пронајдените надгробни стели и камени споменици, биле подигнати во поголем дел во време на Северите , кога се подигале јавни градби, но и подоцна. Првите струења, ако одраз во појавата на нови производи и зголемуање на рамничарските населби, се следат во тек на 2.век. Од монетните ноди, во овој период постои податок дека се среќаваат, но нивна кулминација е во 3.и 4.век. Во полниот одминат 3.век, во време на доцната Империја во Кумановскиот регион, почнува и рударството, кое на овие краеви, и донело благосостојба и форма на романизирана цивилизација.[253] При увид на нумизматичкиот материјал од овој северо-источен дел[254], односно во кратовското подрачје, од време на

[251] Папазоглу Ф., 1957, 231,250,251
[252] Микулчик И., 1999, 212,213
[253] Mikulčić I., 1971,72
[254]Иако постојат пишани податоци за постоење на римски провнциски емисии во регионот на Кратово, односно за време на археолошките ископувања на Лок.Градиште, во атарот на с.Секулица (1961г.) Кратово, пронајдени се 17 бронзени монети од Комод (176-182), до Јустинијан I (527-565), меѓу кои имало и изданија и на Виминациум и Филипопол (Керамитчиев А., Нумизматички наоди од Македонија,

Принципатот се констарирани римски империјални изданија, но во мал број, поголем дел на наодите се идентификувани во доцноримското монетоковање.

| Година | Кумановски регион | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Тракија | Македонија | Горна Мезија | |
| 41-68 | | | | |
| 98-117 | | | | |
| 138-161 | | | | |
| 161-192 | | | | |
| 193-217 | | | | |
| 218-222 | | | | |
| 231-235 | | | | |
| 235-238 | | | | |
| 238-244 | | | 3 | 3 |
| 244-247 | | | 4 | 4 |
| 249-251 | | | 4 | 4 |
| Вкупно | | | 11 | 11 |

Таб.19

Што се однесува до административната припадост на овој потесен регион (Кратово), постојат противречени мислења. Според Папазоглу, кочанско-кратовскиот регион влегува во провинцијата Тракија, и бил населен со трачки елемент , овде во натписите се среќаваат трачки лични имиња, имиња на места и етникони, како и релјефни претстави и надгробни могили кој ова го потврдуваат.[255] Наспроти ова Керамидчиев, кој се базира на епиграфските траги, тврди дека епиграфските споменици од Кратовско[256], имаат латински натписи, и врз основа на нив, тој овој крај од северо -

Зборник (1975-1978), Скопје 1978,158), но при увид на нумизматичката збирка на Музеј на град Кратово, од перидот на Принципатот, регистррирав само две регуларни емисии (сестертии), емитрани од Септимиј Север и Каракала

[255] Папазоглу наведува споменици со трачки имиња, но и извори (Полибиј, Ливиј, Страбон и Плиниј), кој зборуваат дека овде живееле Меди (Папазоглу,1957,83,84)

[256] Два од спомениците се откриени во с.Филиповци, едниот во подножјето на високиот рид Градиште, на чиј врв се наоѓала утврена римска населба, со латински натпис, во кој меѓу другото се споменува за лицето, кое што го подига дека поседува војнички чин; вториот надгробен споменик пронајден во истото

кој се базира на епиграфските траги, тврди дека епиграфските споменици од Кратовско[256], имаат латински натписи, и врз основа на нив, тој овој крај од северо -




Граф.15

источниот дел на денешна Источна Македонија, во време на римското владеење го става во состав на Дарданија (по реформите од 270/275г., самостојна провинција, предходно јужен дел на Горна Мезија), додека областа источно од Кратово (злетовска област), каде спомениците се со грчки и латински натписи, покажува дека овде минувала границата која ги делела двете културни зони во Македонија, и се наоѓало тромеѓето меѓу тритте провинции (Македонија, Тракија и Дарданија)[257]. Петрович, наведува дека во Дарданија имало најмалку пет единици (поделби), кој биле во тесна врска со економските интереси , пред се со рудниците, и го сочинувале Metalli dardanici complex, а во состав на тие центри (Сочаница (municipium Dardanorum), Ulpiana, Бела Паланка (Remesiana), и Равна), ја става и единицата, како што е наведено , во непосредна близина на Лопате, Коњух, но и Кратово, за кое се наведува

[256] Два од спомениците се откриени во с.Филиповци, едниот во подножјето на високиот рид Градиште, на чиј врв се наоѓала утврена римска населба, со латински натпис, во кој меѓу друготосе споменува за лицето, кое штого подига дека поседува војнички чин; вториот надгробен споменик пронајден во истото село граничи со местот на наоѓање со предходно наведениот, и претатавува локалитет од римско време. Натписот во Коњух е делумно сочуван , а се наѓа взидан во средновековна црква на Лок.Градиште (Керамитчиев А., Новооткриени споменици во Кратовско, Жива антика, год.XXIII, том 1,Скопје,1973,147-154

[257] Керамидчиев А, 1973,152

материјал. Евидентирани (Таб.19, Граф.15), се само изданија на римската провинција Горна Мезија, монетарницата Виминциум, како дел од колективен и поеднечни наоди, добиен по пат на рекогносцирања. Според местото на наоѓање, најголем дел 5пр., се пронајдени на Лок.Градиште, с.Пелинце. Останатите се евидентирни на локациите Кумановски Бавчи, Градиште, и непознато место на наоѓање.

Како што беше предходно наведено, а и може да се види од табеларниот и графички приказ, во временската рамка на емитување од 238-244г., има најмал монетарен прилив, се работи за емисии на Гордијан III, од 242-243г.( IIII локална ера), во следните два , 244-247 и 149-251г, се забележува иста монетарна застапеност со изданија на Филип I, од VI (244/45),VIII,(246/47), и оние на Трајан Декиј, Хостилијан и Требонијан Гал од XII година локална ера, односно 250-251г. Ова присуство на емисии, единствено од провинцијта Горна Мезија, најверојатно се должи на принципот на снабдување на бронзени пари од монетраници во иста административна рамка, или од територијално најблиските.

*****

Анализирајки ги добиените резултати врз основа на потесниот регионален принцип на фреквенција на римско провинциските емисии се добива следната слика на нумизматичка интерпретација, која во најголем дел кореспондира со онаа од коригираната фреквенција. Сликата покажува дека, иако се работи за регии кој територијално сочинуваат една целина, постои нерамномерна фреквенција во одредени периоди на емитување. Во периодот од 41-68 до 235-238г, евидентна е фреквенција само во две зони на циркулација. Во периодот од првата половина на 1.век, ако може да се зборува за некаква застапеност, може да се каже дека поголема е концетрацијата во Брегалничкиот регион, но на ова подрачје тоа е само како еден импулс на општите монетарни прилики, отколку како некаква фреквенција овде, но овој тип на емисии (Македонскиот Коинон), од ова временска рамка не се регистрирани во басенот на Струмица таму се следи општото монетарно влијание како во останатите провинции,

(Македонскиот Коинон), од ова временска рамка не се регистрирани во басенот на Струмица таму се следи општото монетарно влијание како во останатите провинции,

| Година | Фреквенција | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Брегалнички басен | Струмички басен | Кумановски басен | |
| 41-68 | 6 | 2 | | 8 |
| 98-117 | 1 | | | 1 |
| 138-161 | 11 | 14 | | 25 |
| 161-192 | 13 | 57 | | 70 |
| 193-217 | 7 | 8 | | 15 |
| 218-222 | 4 | | | 4 |
| 231-235 | 10 | 3 | | 13 |
| 235-238 | 1 | | | 1 |
| 238-244 | 18 | 20 | 3 | 41 |
| 244-247 | 4 | 1 | 4 | 9 |
| 249-251 | 8 | | 4 | 12 |
| Вкупно | 83 | 105 | 11 | 199 |

Таб.20




Граф.16




Граф.17

со присуство на изданија на Филипи, кој како што е напоменато се регистрирано во голем дел на оставите на поширока територија. Имено, источната граница на колонијата Филипи се подударала со провинциската граница (Македонија и Тракија), а значаен е  фактот, дека околу градот, односно на територијата каде биле присоединети повеќе селски населби, се пронајдени повеќе натписи кои според етниконите на личните имиња, зборуваат дека биле населени со трачко население. Администстративно потчинети на колонијата, овие vicani не биле римски граѓани, но имале локална самоуправа.[259] Во време на 13-161г., и во двете подрачја циркулираат со ист степен на застапенот проинциските емисии на Антонин Пиј, каде е забележителен учеството на оние дистрибуирани од Македонскиот Коинон. Веке во следната временскаа рамка 161-192, што е и едниствен период каде постои голема разлика и дистрибуција, со голема фреквентна моќ во југоисточнит дел, односно наоди ограничени само на радовишкото потесно подрачје каде доминира оптекот на тракиското ковање. Од содржинскиот состав се гледа дека во двете регии, циркулираат ист тип на монети дисперзирани од монетараницата Пауталија, само што во југоисточниот дел се со многу поголема застапеност. Во истиот овој период, но со многу помала фреквентност, циркулираат македонските бронзи , и тоа со иста застапеност на стобски и емисии на Коинонот. Овде треба да се напомне дека емисиите од ова ковање во овој период, во Брегалничкиот басен, се со место а наоѓање во подрачјето на Овче Поле.

[259] Папазоглу Ф.1957, 300-302

Најголема и најблиска аналогија во однос на содржинската структура на провинциските емисии наоѓаме во нумизматичкиот материјал пронајден на територијата на денешна југозападна Бугарија. Со увид на нумизматичките податоци, скоро ист распоред на изданија (хронолошка и типолошка идентификација), е забележена во примероците откриени конкретно на подрачјето на денешен Пазарџик, Благоевград (Scapotopara) и Ќустендил (Pautalia). Ова покажува дека во ова соседна област циркулираат ист тип на локални провинциски бронзи. Ако го ставиме на страна принципот на циркулација врз основа на административни рамки и оптек во зона на циркулација на ковницата, како многу важен фактор и рационално објаснување, во овој случај се патните комуникации, кој кај двете територијални целини меѓусебно се тесно поврзани. Односно, територијата на денешен Пазарџик се наоѓа на еден од главните три пата Via Diagonalis и важно место на патот Stobi – Pautalia -Serdika.[260] Регионот на Благоевград зафаќа делови од Рила, Пирин, Западни Родопи, Огражден, Влахина и Беласица. Скаптопара како мала трачка населба се наоѓала на јужната граница на провинцијата Тракија, и припаѓала на градот Пауталија.[261] На територијата на Пауталија е формиран природен крстопат, на трасата Tesalonika - Pautalia - Serdika, се наоѓа на север-југ, а запад-исток директно е патот Stobi – Scupi - Pautalia-Filipopolis.[262] Знаејки ја античката патна мрежа на подрачјето по долината на Брегалница, и комуникациите во југо – источниот дел, се оправдува оваа аналогна паралела. Во периодот од 193-217г, во време на Северите постои иста фреквенција на циркулирање и во двете потесни подрачја, што ако се спореди со степенот на коригирана фреквенција во иста временска рамка се гледа дека постои ниска фреквенција, со поголема застапеност на тракиското монетоковање. Во периодот од 218-222, кој е многу мал во однос на временската рамка, се гледа присуство на провинциски емисии, само во подрачјето на Брегалница. Во периодот кога имаме пораст на коригираната фреквенција, (231-235) се забележува иста состојба, односно соодноС на територијална застапеност, сепак во период од 238-244 , кога постои најголема циркулативна моќ, во целата ова регија се гледа иста фреквенција на пари, идентичен интензитет а прилив на пари, но треба да се напомене дека во Брегалничкиот регион циркулираат емисии од сите три провинциски ковања, додека во југоисточниот дел е ограничено само на

[260] Ignatova S.,Filipova S.,Tenchova A., Prokopov I,2015,30
[261] Andonova M., Filipova S.,Paunov E., Prokopov I., 2014,7,9
[262] Filipova S., Prokopov I., Paunov E., 2009,8

македонските бронзи, а во североисточниот дел на испитуваното подрачје на провинциски емисии од римската провинција Горна Мезија.

Процентуалната застапеност во период од прва половина на 1. и средина на 3.век, ја дава сликата на процентуален однос од 52,76 (Стримички басен), 41,7% ( Брегалнички), и 5,52% (Кумановски), но треба да се земе во предвид дека процентот на последното наведено подрачје, се однесува само за краток временски период.(239-250/51г.).

Врз основа на досегашниот увид и наведен систематски преглед на предметниот нумизматички материјал, бидејки се работи за примероци со позната археолошка позадина , евидентен е фактот дека и во двата случаи, без разлика дали се работи за колективен нумизматички наоди, или наоди кој се пронајдени во иста археолошка целина, содржината покажува особено во периодот на Антонините истовремно циркулирање со регуларни империјални емисии, кој според степенот на застапеноста, не се чести и бројни, што покажува дека тие не претставуваат основа во нумизматичката циркулација.




Граф.18

Што се однесува за периодот во 3.век, на територијата на денешна Источна Македонија уште од почетокот се гледа поголем степен на монетаризација, кој се одржува се до средината на овој век, кога изданијата на римското провинциско монетоковање доминираат и се вклучени во локалната циркулација. Од друга страна е и фактот дека, изданијата на локалните монетарници биле продуцирани во особено

истражувње и евиденција на оставите во римските провинции, во овие временски рамки, голема е веројатноста дека претставувале примарно средство во размената за време на владеењето на династијата на Северите, Гордијан III, Филип I, па се до владеењето на императорот Галиен. Градското бронзено ковништво, воопшто провинциското монетоковање играло важна улога во економијата на локалните заедници.[263] Како илустративен и споредбен пример на меѓусебен однос на империјални и првинциски емисии, во ист период на емитување може да се посочи состојбата на фреквенција на територијата на Брегалничкиот регион, која ја дава следната слика на фреквенција (Таб.21 Граф.19 ). Врз основа на веќе познатите нумизматички податоци на провинциските емисии, во групата на регуларните империјални изданија, вклучени се примероци емитирани од владетелите: период на емитување 69/89 - Веспасијан (1пр., денар) и Домитијан (2пр., денар,сестертиј); 98/117 – Трајан (2пр., денар, 1пр.-сестертиј ); 117/138 – Хадријан (2пр., сестертиј); 138/161- Антонин Пиј (2пр., денар, 3пр., сестертиј) и Фаустина 91пр., денар); 161/192 – Марк Аврелиј (1пр., денар, 3пр., сестертиј) и Лукиј Вер (1пр., денар, 1пр., сестертиј); 193/217 – Септимиј Север (1пр., сестертиј), Јулија Домна (1пр., денар), Пескениј Нигер (1пр. денар) Гета (2пр.,денар);218/222- Елегабал (3пр., денар); 231/235 - Александар Север (2пр.,денар); 238/244 –Гордијан III (3 пр., антонинијан); Трајан Декиј (1пр. антонинијан); 251/253- Волусијан (3пр., антонинијан). Од споредбениот графикон, очигледан е доминацијата на провинциското монетоковање особено во периодот со ковничко емитување по 231г., кога постои највисока коригирана фреквенција. Процентуалните вредности (Граф.20), покажуваат исто така голема процентуална разлика на учество и застапеност на империјалните и провинциските изданија.

Како уште еден аналоген пример, и потврда на ова мислење може да се посочи нумизматичкиот материјал, пронајден со археолошките истражувања на локалитетот Исар-Марвинци, кој е во состав на римската провинција Македонија, а е во рамки на територијата на денешна Р.Македонија. Таму на јужната некропола, во гробовите од римско време, односно во затворени гробни целини, пронајдени се провинциски емисии од македонското ковање, изданија на монетарниците Пела (Гордијан III-(3пр).,

[263] Touratsogllou I.P.,2006,151,153

| Дата | Брегалнички регион | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Империјални монети | Провинциски монети | |
| 41-68 | | 6 | 6 |
| 69-89 | 3 | | 3 |
| 98-117 | 3 | 1 | 4 |
| 117-138 | 2 | | 2 |
| 138-161 | 6 | 11 | 17 |
| 161-192 | 6 | 13 | 19 |
| 193-217 | 5 | 7 | 12 |
| 218-222 | 3 | 4 | 7 |
| 231-235 | 2 | 10 | 12 |
| 235-238 | | 1 | 1 |
| 238-244 | 3 | 18 | 21 |
| 244-247 | | 4 | 4 |
| 249-251 | 1 | 8 | 9 |
| 251-253 | 3 | | 3 |
| Вкупно | 37 | 83 | 120 |

Таб.21




Граф.19




Граф.20

Филип I-(2пр)., ),Отацилиа Севера, Алксандар Север, сите откриени во иста гробна целина (гроб бр.129) ; Александар Север (гроб бр.126); Емисии на монетарницата Тесалоника (Јулија Севера, Јулија Домна (2пр),, каде во еден случај (гроб бр.32), заедно, се откриени примерок на Горијан III (монетарница Тесалоника) и регуларно римско издание на императорот Максимин I (235-238). Монетни наоди на оваа монетарница се откриени и во друг археолошки контекст, Јулија Паула и Елегабал, заедно со империјално издание на Требонијан Гал, со кој примерок завршува оваа временска рамка на примероци од 3век. Во останатите гробни целини се пронајдени емисии каде доминираат антонинијаните, и примероци од првата тетрархија.[264]

Изданијата од 250/51г.,со кој е последната регистрирана нумизматичка евиденција на провинциското монетоковање на ова подрачје, кога се одржува високата вредност на коригирана фреквенција, се совпаѓа со повеќето констатации, дека сериите на остави, конкретно во територијално најблиските подрачја, се наоѓаат мал дел на подрачјето на Дунав, во близина на Виминациум, а во поголем број се констатирани вдолж на реката Морава, и служи како добра илустрација за движење на римската војска.[265] Дунавскиот лимес кој бил главна гаранција за мир, во 2.и прва половина на 3.век, од средината на истиот, станува воjнички појас од приоритетна важност за царската власт. Варварската опасност која ги погодува провинциите е посведочена со остави на пари тезауриарани во Дакија, Долна Мезија и Тракија.[266] Во кризата во 3.век, римските императори

[264] Соколовска В., Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје,1986,98,107,111-113
[265] Според тогашните обработени нумизматички податоци, ова се однесува и е констатирано на територијата на соседна Р.Србија (Горна Мезија), Mirnik I.,1981,59
[266] Бориц-Бресковиц Б.,1983,73

монетарниот систем го прилагодувале на ситуацијата, така што воените потреби и вонредните трошоци се зголемуваат , со што има голема продукција на ковање, а со тоа доаѓа до преобразба на овој систем, и се дава нова смисла на градското ковање и друг однос кон вредноста на локалната бронза. Обидот за ревалоризација на локалната бронза бил условен и од паѓање на вредноста на сребрената монета, ковањето на бронзата не може да се измири со падот на среброто, и доаѓа до потполен прекин на грчките монетарници. Така со слабеење на тековната царска продукција доаѓа до прекин на градското ковање. Првобитно градското ковање имало улога да помогне во локалните градски активности, во 3.век, ова ковање покрај ограничувањето на локалната автономија се преобразува во средство за субвенција на царските финансии, така ова ковање на Балканот ја надоместува тековната државна продукција во бакар, со голем монетарен оптек и домет на поедини градови.[267] Процесот на постепено загрозување на слободата на градовите, кое било забележително во време на Републиката, продолжило низ Империјата. Локалното ковање под наследниците на Август, станало се повеќе и повеќе, инструмент на царската економска политика се до моментот кога настанало деградација на римската сребрена монета за време на императорот Галиен, а кога се затворени повеќе монетарници во градовите, бидејки бронзата била прескапа за производство.[268]

Од провинциските емисии каде е позната археолошката позадина, местото на наоѓање се поврзува со различен ранг и потесен археолошки контекест, односно, населби, градишта и затворени гробни целини. Тргнувајки од фактот дека , во гробовите често се ставани примероци кој во тоа време се дел од моменталниот оптек, а со оглед а состојбата на зачуваност на дел на изданијата од предметниот нумизматички материјал, следи дека не биле во секундарна употреба и повлечени од оптек. Датацијата на парите пронајдени во гробни целини секогаш го одредуваат само terminus ante quem non, односно датум пред кој парите не би можеле да бидат приложени во истиот[269].

Како што беше предходно наведено, во овие гробни целини, имаше евидентирано примероци на неколку археолошки наоѓалишта. Освен примероците од колективните нумизматички наоди каде беше евидентирана иста содржинска структура, во однос на хронологијата и типологијата, поединечните примероци кој се показатели на

[267] Борић- Брешковић Б.,1986,169,170
[268] Bellinger A.R.,1956,148
[269] Kos P.,1997, 112

интензитетот и тенденцијата на движење на монетниот оптек кореспондираат со примероците пронајдени во конкретниот археолошки контекст. На територијата на денешна Источна Македонија, со разгледување на потесните регии се гледа слично движење на паричната маса, особено во периодот на највисоката коригирана фреквенција, каде оптекот на пари потекнува од ист извор на дисперзија.

Со увидот , во однос на типолошката идентификација, во нумизматичкиот содржински состав евидентно е циркулирање на ист тип на провинциски емисии, во одделните регии на испитуваното подрачје.

**Заклучок**

Територијата на денешна Источна Македонија, претставува една целина од културни подрачја, со значителен број на археолошки наоѓалишта од различни временски периоди и култури. Монетарната историја на овие простори може да се следи со примероците на пајонското монетоковање, време кога наведеното подрачје припаѓа на оваа етничка заедница, и континуирано присуство на монетни изданија следени со самото продирање на Римјаните на Балканот. Со процесот на создавање на римски провинции, поголем дел од територијата на денешна Р.Македонија, почнувајќи од 148г.пр.н.е до доцен 3.век, ѐ во административни рамки на римската провинција Македонија, освен подрачјето на Горна и Средна Брегалница и скопско-кумановскиот регион кој биле надвор од овие административни граници, а со припадност на провинциите Тракија и Горна Мезија. Носители на монетарната активност биле градовите, каде во форма на нивно усовршување и конституирање се спроведувал процесот на латинско-грчката цивилизација. Парите стануваат средство за исполнување на граѓанските должности и обврски кон владетелот, и плаќање на даноците со пари кои сами ги коват, што било доволно да се даде примат на локалната бронза. Застапеноста на римското провинциско монетоковање на подрачјето на денешна Источна Македонија, врз основа на хронолошките и типолошки нумизматички податоци покажува различен, но во одредени периоди на ковничко емитување и идентичен степен на монетизација и интензитет на прилив на пари во монетниот оптек. Во целата хронолошка рамка можат да се издвојат два периоди на ковничко емитување, со највисоки вредности на коригирана фреквенција. Врз основа на досегашниот увид и наведен систематски преглед на предметниот нумизматички материјал, бидејки се работи за примероци со позната археолошка позадина, евидентен е фактот дека и во двата случаи без разлика дали се работи за колективен нумизматички наоди, или наоди кој се пронајдени во иста археолошка целина, содржината покажува особено во периодот на Антонините истовремно циркулирање со регуларни империјални емисии, кој според степенот на застапеноста, не се чести и бројни, а што покажува дека тие не претставуваат основа во нумизматичката циркулација

Временската рамка на емитување од 161-192г., е единствен период каде постои голема разлика во дистрибуцијата, со голема фреквентна моќ во југоисточнит дел,

односно наоди ограничени само на радовишкото потесно подрачје, каде доминира оптекот на тракиското ковање. Од содржинскиот состав се гледа дека во двете регии, односно Брегалнички и Струмички регион, циркулираат ист тип на монети дисперзирани од монетарницата Пауталија, само што во југоисточниот дел се со многу поголема застапеност. Во истиот овој период, но со многу помала фреквентност, циркулираат македонските бронзи, и тоа со иста застапеност на стобски, и емисии на Коинонот. Овде треба да се напомене дека емисиите од ова ковање во Брегалничкиот баесен, сè со место на наоѓање во подрачјето на Овче Поле. Во периодот од 238-244г. , кога постои најголема циркулативна моќ, во целата оваа регија се гледа иста фреквенција на пари, идентичен интензитет и прилив , но треба да се напомене дека во Брегалничкиот регион циркулираат емисии од сите три провинциски ковања, додека во југоисточниот дел е ограничено само на македонските бронзи, а во североисточниот дел на испитуваното подрачје, заастапеност на провинциски емисии од римската провинција Горна Мезија. Што се однесува за периодот во 3.век, на територијата на денешна Источна Македонија уште од почетокот се гледа поголем степен на монетаризација, кој се одржува сè до средината на овој век, кога изданијата на римското провинциско монетоковање доминираат и се вклучени во локалната циркулација. Од друга страна е и фактот дека, изданијата на локалните монетарници биле продуцирани во особено големи количини за време на 3.век, и голема е веројатноста дека претставувале примарно средство во размената за време на владеењето на династијата на Северите, Гордијан III, Филип I, па се до владеењето на императорот Галиен. Градското бронзено ковништво, воопшто провинциското монетоковање, играло важна улога во економијата на локалните заедници. Изданијата од 250/51г., со кој е последната регистрирана нумизматичка евиденција на провинциското монетоковање на ова подрачје, кога се одржува високата вредност а коригирана фреквенција, се совпаѓа со повеќето констатации за постоење на голем број на серии на остави. Во кризата во 3.век, римските императори, монетарниот систем го прилагодувале на ситуацијата, така што воените потреби и вонредните трошоци се зголемуваат , со што има голема продукција на ковање, а со тоа доаѓа и до преобразба на овој систем, се дава нова смисла на градското ковање и друг однос кон вредноста на локалната бронза. Првобитно градското ковање имало улога да помогне во локалните градски активности, во 3.век, и покрај ограничувањето на локалната автономија се преобразува во средство за субвенција на царските финансии, така провинциското

ковање на Балканот ја надоместува тековната државна продукција во бакар, со голем монетарен оптек и домет на поедини градови. Процентуалната застапеност во период од прва половина на 1. и средина на 3.век, ја дава сликата на процентуален однос од 52,76 (Стримички басен), 41,7% ( Брегалнички), и 5,52% (Кумановски), но треба са се земе во предвид дека процентот на последото наведено подрачје, се однесува само за краток временски период (239-250/51г.). Овие монети, кој се продуцирани без прекин, скоро три века, во монетарниците на урбаните центри, Коинонот, и колониите, ги задоволувале секојдневните општествени потреби во монетарната економија. Ова се всушност основните видови на циркулацијата на пари кој учествувале во локалната циркулација заедно со регуларните империјални, кој во споредбен однос, се во многу мал број. Периодот на најинтензивна монетарна активност е 3.век, кој коиндицира со општата монетарна ситуација., кога поширока територија влегува во зголемен притисок од општествено-историските случувања.

Во дефинирање на партиципација на монетарници, анализата покажа дека механизмот на дистрибуција е во рамки на провинциите, од монетарници кој, се со иста административна припадност и територијално најблиски, со најголема партиципација на дистрибуција има монетарницата Бероја (34,67 %) од римската провинција Македонија, која има еден континуитет, од прва половина на 1.век (44г), се до нејзиното прекинување во време на владеењето на Филип I, меѓутоа иако учеството на Пауталија е од (25,62 %) сепак , и кај неа постои еден континуитет на дифузија, почнувајки од 139г. до нејзиното затворање во време на Елегабал. Трета по учество е виминациската монетарница (17,08%) која бележи висок процент во однос на тоа дека дистрибуира во периодот од 239/40-254/55год. Кога би ја споредиле процентуалната застапеност на монетарниците чија монетарна активност е во приближно ист период, тогаш се гледа скоро идентична слика, тракиските монетарници ( во кој се додадени 13,06% неопределни) учествува со 41,72%, а монетарниците од Римската провинција *Македонија со 41,69%. Примарната зона од каде се дистрибуирани*, е во голем дел и во исти административни рамки со онаа на кој се откриени. Содржинскиот монетен состав зборува за доминатна застапеност на изданија на Виминациум, време на циркулација, кога изданијата од останатите монетарници (во провинциите Македонија и Тракија) кој имаат најголема дисперзивна моќ на оваа подрачје, прекинуваат со својата работа. Местото каде се најмногу застапени (регијата на Куманово), исто така

